Министерство за финансии

Биро за јавни набавки

# 2025

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

ИЗВЕШТАЈ за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2025 година

Мај, 2026 година

e-nabavki.gov.mk

bjn.gov.mk

e-pazar.gov.mk



Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено.
При користење на податоци од публикациите на Бирото за јавни набавки потребно е да се цитира изворот.

Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

# И З В Е Ш Т А Ј

## за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2025 година

Скопје, мај 2026 година

# *СОДРЖИНА*


1. Правна рамка за јавните набавки во Република Северна Македонија 5
   - 1.1 Закон за јавните набавки 5
   - 1.2 Подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за јавните набавки 6
   - 1.3 Закон за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста 7
   - 1.4 Стратешка рамка 7
   - 1.5 Планови и идни чекори 8
2. Биро за јавни набавки 11
   - 2.1 Надлежности 11
   - 2.2 Изготвени мислења 15
   - 2.3 Изработени прирачници 16
   - 2.4 Негативни референци 16
   - 2.5 Сектор за правни и административни работи 18
3. Едукација за јавни набавки 25
   - 3.1 Податоци од спроведените обуки во 2025 година 25
4. Податоци добиени од други институции 30
   - 4.1 Државна комисија за жалби по јавни набавки 30
   - 4.2 Управен суд 33
   - 4.3 Виш Управен суд 35
   - 4.4 Државна комисија за спречување на корупцијата 35
   - 4.5 Комисија за заштита на конкуренцијата 36
5. Соработка со институции во врска со јавните набавки 37
   - 5.1 Соработка со институции во Република Северна Македонија 37
   - 5.2 Соработка со меѓународни институции и меѓународна соработка при ЕУ интеграција 39
6. Контрола на постапките за јавните набавки 41
   - 6.1 Управна контрола на постапките за јавни набавки 42
   - 6.2 Сектор Административна проверка и претходно мислење 48
7. Користење на Електронскиот систем за јавни набавки 54
   - 7.1 Придобивки од воведувањето на новите алатки и модули на ЕСЈН, задолжителни е-набавки - очекувани и остварени ефекти 58
8. Анализа на пазарот за јавни набавки во 2025 година 61
   - 8.1 Објавување на годишните планови 64
   - 8.2 Објавување на технички дијалог 65
   - 8.3 Податоци од објавените огласи за јавни набавки 65

8.4 Податоци за користење на критериум за избор на најповолна понуда и користење на аукција. 72
8.5 Склучени договори за јавни набавки 76
8.6 Измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност 104
8.7 Раскинат договор 107
8.8 Известување за реализиран договор 108
8.9 Податоци од известувањата за поништување на постапките 108
8.10 Податоци за изменување и дополнување на огласот 111
8.11 Учества на постапки 111
8.12 Електронски аукции 119
9. Електронски пазар за набавки од мала вредност 122
9.1 Развој и подобрување на модули на е-Пазар во 2025 131
10. Предлози за унапредување на системот на јавните набавки 134
10.1 Предлози за подобро функционирање на системот за јавни набавки 134

# 1. Правна рамка за јавните набавки во Република Северна Македонија

## 1.1 Закон за јавните набавки

Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/21), кој е во примена од 1 април 2019 година, заедно со подзаконските акти овозможи процесот на јавните набавки да е транспарентен, ефективен, ефикасен и стратешки. Сепак, како и во земјите-членки, и во нашата држава договорните органи при спроведување на јавните набавки се соочуваат со предизвици предизвикани од најновите случувања на пазарот, односно добивање на најдобра вредност за јавните пари при постојан раст на цените и постојано намалување на буџетите.

Во текот на 2025 година, на предлог на група пратеници Собранието на Република Северна Македонија на седница одржана на 16 јануари 2025 година, го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на РСМ", бр. 14 од 23.1.2025 година).

Со предложените измени и дополнувања, се вршат одредени интервенции со цел постигање на чекорите планирани со Реформската агенда во рамки на Планот за раст за Земјите од Западен Балкан. Како дел од Реформската агенда се предвидени повеќе реформи во делот на управувањето со јавните финансии, меѓу кои и реформата - Зајакнување на системот на јавните набавки. Во рамки на оваа реформска заложба е предвиден чекор кој се однесува на намалување на користењето електронски аукции: користењето електронски аукции во постапките за јавни набавки во фискалната 2025 година, да се намали до најмногу 40% од бројот на објавените постапки, со рок за реализација декември 2025 година.

Во делот на Државната комисија за жалби по јавни набавки, се предвидува зајакнување на капацитетот со дополнителни два члена. Условите за избор и именување во основа не се менуваат, освен што се дополнуваат основите за разрешување во случај на членување во органи на политичка партија на претседателот или членот на комисијата, како и поради незаконско или нестручно

вршење на должноста, со што се сака да се зајакне одговорноста, независноста и интегритетот на членовите и претседателот при вршење на нивната должност.

Исто така, се предлагаат одредени технички подобрувања на законот, како и отстранување на слабости кои беа детектирани во досегашната негова примена, особено во делот на управната контрола, која се предлага да биде административна проверка, набавката од мала вредност, поедноставената отворена постапка, евалуацијата на понудите и причините за поништување на постапката за јавна набавка.

## 1.2 Подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за јавните набавки

Во текот на 2025 година, беа донесени Тарифникот за висината на надоместоците за користење на електронскиот систем за јавни набавки, како и Тарифникот за висината на надоместоците за учесниците во едукацијата за јавни набавки. Со денот на отпочнувањето на примената на овие тарифници престанаа да важат тарифниците кои беа донесени во 2019 година.

од 2019 година па до денес, надоместоците за користење на системот не се променети. Од друга страна, трошоците за надградби и одржување на истиот се значително зголемени. За таа цел Бирото предлага да се донесе нов тарифник со кој ќе се коригираат досега утврдените надоместоци. Тарифникот е усно целосно усогласен со Секретаријатот за законодавство по добиеното мислење.

Имено, од 2019 година па до донесувањето на новите тарифници, надоместоците за користење на електронскиот систем за јавни набавки ЕСЈН, како и надоместоците за следење на едукацијата која што ја спроведува Бирото беа не променети. Значително зголемените трошоци за надградбите и одржувањето на ЕСЈН, од една страна, како и значителното зголемување на трошоците за спроведување на едукацијата, потребата од одржување на профитабилноста и рентабилноста на Едукативната функција на Бирото, како и неопходноста од континуирано унапредување и модернизирање на Едукацијата, од друга страна, ја наметнаа потребата од покачување на надоместоците и донесување на нови тарифници.

## 1.3 Закон за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста

Донесувањето и примената на Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 176/21), овозможи процесот на доделување договори за јавни набавки во оваа област во нашата држава да се одвива транспарентно, економично и ефикасно, обезбедувајќи заштита на безбедносните интереси и доверливите информации.

Процесот на транспонирање на актуелното право на Европската унија од областа на јавните набавки, се заокружи со донесувањето на овој закон.

## 1.4 Стратешка рамка

Стратегијата за унапредување на системот за јавните набавки на Република Северна Македонија за период 2022-2026 година (понатаму: Стратегија за јавни набавки) е донесена во март 2022 година. Стратегијата претставува сеопфатен стратешки документ чија реализација треба да обезбеди зајакнување на капацитетот на целиот систем за да се постигне целосно усогласување со правото на Европската унија во практика.

Клучните цели на Стратегијата за јавни набавки се:

- Понатамошен развој на правната и институционална рамка и усогласување со Директивите на ЕУ и најдобрите меѓународни практики во јавните набавки, концесии и јавно приватно партнерство;
- Понатамошно зајакнување на меѓуинституционалната соработка на клучните институции во системот на јавни набавки;
- Зголемување на транспарентноста, ефикасноста и подобрување на протокот на информации;
- Подобрување на праксата за јавни набавки со примена на најдобрите меѓународни и европски практики;
- Изготвување систем соодветен на современите барања („зелени“ набавки, општествено – одговорни набавки, иновативни набавки, поддршка за МСП), и

- Понатамошен развој на човечките ресурси вклучени во системот на јавни набавки.

Реализацијата на Стратегијата за јавни набавки е во надлежност на Бирото за јавни набавки, Државната комисија за жалби по јавни набавки, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Државната комисија за спречување корупција, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Државниот завод за ревизија.

За следење на спроведувањето на Стратегијата за јавни набавки е формирано Координативно тело со кое претседава директорот на Бирото за јавни набавки, а членуваат претставници од Биро за јавни набавки, Државна комисија за жалби по јавни набавки, Комисија за заштита на конкуренцијата, Државна комисија за спречување на корупцијата, Државен завод за ревизија, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерство за финансии, Министерство за правда, Кабинет на заменик претседател на Влада задолжен за политики за добро владеење и Секретаријат за европски прашања.

Својата функција Координативното тело ја реализира преку одржување на редовни работни состаноци, подготовка на Акциски план за спроведување на Стратегијата за јавни набавки и подготовка на Годишен извештај за следење на спроведувањето на Стратегијата за јавни набавки.

## 1.5 Планови и идни чекори

Правната рамка за јавни набавки во континуитет е предмет на внатрешно и надворешно следење и проценка. Сите извештаи и препораки кои произлегуваат од овие проценки детално се анализираат и земаат предвид при планирање на идни цели и активности за понатамошен развој на системот за јавни набавки во целина.

Притоа, значајно внимание се посветува на извештаите од Европската комисија со кои се опфаќа областа Јавни набавки, а особено на Извештајот од Билатералниот скрининг за Кластер 1 - Фундаментални вредности на пристапниот процес, каде се вклучени и Јавните набавки како преговарачко поглавје 5, како и Годишниот извештај за Северна Македонија во кој се презентира статусот на подготвеност и напредок на земјата по поглавја, вклучително и поглавјето 5 Јавни набавки.

# Правна рамка за јавни набавки 1

Согласно Извештајот на Европската комисија од Билатералниот скрининг за Кластер 1 - Фундаментални вредности на пристапниот процес, правната рамка за јавни набавки има високо ниво на усогласеност со директивите на ЕУ за јавни набавки во класичниот сектор и во секторските дејности од 2014 година. Сепак, пред пристапувањето во ЕУ, потребно е да се измени законската рамка во насока на доусогласување со европското законодавство, особено во однос на негативните референци, исклучување на економските оператори без право за „себе-чистење“ пред исклучувањето, меѓу-владини спогодби. Овие препораки од Извештајот се дел и од Планот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки кој е подготвен од страна на Бирото за јавни набавки и споделен со клучните институции во системот за јавни набавки.

Согласно Годишниот извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2025 година, правната рамка за јавни набавки е во голема мерка усогласена со европското законодавство, а земјата е умерено подготвена во областа јавни набавки.

Јавните набавки се опфатени и со Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027 година во рамки на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан. Имено, „Зајакнување на системот за јавни набавки“ претставува посебна Реформа во утврдената Област на политика 1: Управување/Реформа на јавна администрација и Управување со јавни финансии. Во рамки на оваа Реформа, за периодот 2025-2027г. дефинирани се следните чекори:

- Употребата на Е-аукциите во јавните набавки во 2025 година да се намали на максимум 40 % од набавките (до декември 2025 година).
- Користење на Е-пазар за доделување на најмалку 800 договори за јавни набавки (до декември 2026 година).
- Најмалку 25% од јавните набавки во вредност, да ги користат критериумите за економски најповолна понуда (ЕНП) - најдобар однос цена-квалитет или користење на пристапот на исплатливост.

Бирото во 2025 година презема низа активности во насока на исполнување на чекорите, а особено беше фокусирано на постигнувањето на првиот чекор „Употребата на Е-аукциите во јавните набавки во 2025 година да се намали на максимум 40 % од набавките“. Ваквиот пристап резултираше со намалување на употребата на аукциите на 22% од набавките во 2025 година, што е значително под

утврдениот таргет и значи целосно и навремено исполнување на чекорот и можност за ослободување на алоцираните финансиски средства за овој чекор во целост.

Во претстојниот период, Бирото ќе преземе дополнителни активности насочени кон исполнување на преземените обврски и постигнување на следните два чекори, кои воедно треба да обезбедат и зајакнување на системот за јавни набавки.

# 2. Биро за јавни набавки

## 2.1 Надлежности

Системот на јавните набавки во Република Северна Македонија се уредува и развива под надлежност на Бирото за јавни набавки, како орган на државната управа во состав на Министерството за финансии. Како централна институција во оваа област, Бирото има стратешка и координативна улога во воспоставувањето, унапредувањето и одржувањето на функционален и интегриран систем на јавни набавки, кој обезбедува законито, транспарентно и економично управување со јавните средства.

Во рамки на своите законски овластувања, Бирото ја обликува и унапредува нормативната рамка во областа на јавните набавки, обезбедувајќи нејзина усогласеност со правото на Европската Унија и со современите европски стандарди и практики. Преку систематско следење, анализа и оценка на функционирањето на системот, институцијата иницира и предлага мерки за негово понатамошно модернизирање, со што директно придонесува кон реформските процеси и исполнувањето на обврските во рамки на европската интеграција на државата.

Во својата стратешка и координативна улога, Бирото обезбедува единствена и доследна примена на законодавството преку издавање насоки, мислења и стручна поддршка за договорните органи и економските оператори, со што се јакне правната сигурност и предвидливоста во системот. Истовремено, преку управувањето и развојот на електронскиот систем за јавни набавки, Бирото овозможува целосна дигитализација на постапките и јавна достапност на релевантните податоци, што претставува суштинска алатка за зголемување на транспарентноста, отчетноста и довербата на јавноста.

Во согласност со законските овластувања, Бирото врши контрола над примената на Законот за јавните набавки во пропишаните случаи, обезбедувајќи заштита на интегритетот на постапките и доследно почитување на утврдените правила. Дополнително, преку континуирано јакнење на административните капацитети и професионализација на субјектите во системот, Бирото создава предуслови за одржлив и ефикасен развој на јавните набавки.

Со ваквата институционална поставеност и проактивен пристап кон реформите, Бирото за јавни набавки останува клучен носител на политиките во

областа и значаен фактор во обезбедувањето добро управување и одговорно користење на јавните средства.

Согласно Правилникот за систематизација на работните места, својата надлежност Бирото за јавни набавки, во моментов ја остварува преку 4 (четири) сектори и 2 (две) самостојни одделенија.

Сектор за нормативна дејност, едукација и меѓународни односи има три одделенија во состав. Овој сектор е надлежен за изготвувањето на законската и подзаконската регулатива за јавни набавки и следење и анализирање на нејзиното спроведување, иницирање на предлози за подобрување на регулативата за јавни набавки, изготвување на мислења за примена на одделни одредби од законот и подзаконските акти, изготвување на прирачници и брошури кои се во функција на правилно спроведување на законот и постапките за јавни набавки, подготовка на модели на стандардна тендерска документација, подготовка на програма за едукација и годишен план за реализација на едукацијата и спроведување на обуки, како и остварување на меѓународна соработка и реализирање на активностите кои произлегуваат од процесот на пристапување кон ЕУ. Во секторот се вработени 6 (шест) административни службеници.

Секторот за следење на системот за јавните набавки, управување со ЕСЈН и развој на електронски алатки исто така има три одделенија во состав. Во надлежност на овој сектор е следење на функционирањето на системот за јавни набавки преку добиените огласи и известувања од страна на договорните органи, прибирање, обработување и анализа на податоците за спроведените постапки за јавни набавки, обезбедување техничка поддршка на договорните органи и економските оператори кои го користат системот, управување со ЕСЈН и вршење мониторинг, пријава и отстранување на сите технички и функционални проблеми како и развивање и унапредување на системот и електронскиот пазар за набавки од мала вредност. Во овој сектор се вработени 8 (осум)) административни службеници и 1 (едно) лице ангажирано по договор за дело

Секторот за административна проверка и претходно мислење има две одделенија во состав. Во надлежност на овој сектор е административна проверка над примената на Законот за јавни набавки во случаи определени со законот и врз основа на констатираните неправилности односно пропусти изготвува записник во кој се содржани препораки што треба да преземе договорниот орган за да ги отстрани неправилностите констатирани во огласот и тендерската документација. Во надлежност на секторот е и подготовка на претходни мислења во постапката со

преговарање без претходно објавување на оглас, како и претходни мислења за исполнетоста на условите за спроведување на постапка за преговарање без претходно објавување на оглас. Овој сектор брои 9 (девет) вработени административни службеници.

Сектор за правни и административни работи има 2 (две) одделенија во состав. Во надлежностите на овој сектор се постапување по барањата од слободен пристап до информации од јавен карактер, спроведување на законските прописи што се однесуваат на заштитата на лични податоци, спроведување на законските прописи што се однесуваат на законот за архивско и канцелариско работење, планирање и организирање медиумски настани, односи со јавноста како и поддршка на работата на директорот, вршење писмен, консекутивен и симултан превод од македонски на албански јазик и од албански на македонски јазик и вршење превод на документација, публикации, стручна литература, законски и подзаконски акти, следење и примена на прописите од областа на јавните набавки со цел утврдување на сторени прекршоци, подготвување на иницијативи за поведување на прекршочните постапки, изготвување на одговори по редовни и вонредни правни лекови и други правни работи пропишани со Актот за внатрешна организација на Бирото за јавни набавки. Во овој сектор има 7 (седум) вработени административни службеници.

Самостојни одделенија се: Одделение за управување со човечки ресурси со 1 (еден) вработен и Одделение за финансиски прашања со 3 (три) вработени.

Од вкупно 81 систематизирани работни места во 2025 година, пополнети беа 37 работни места.

Спроведена е постапка за вработување на определено време (до 31.12.2025 година) на 2 (два) извршители во звање Самостоен референт.

Спроведени се 2 (две) постапки за спогодбено преземања на вработени административни службеници од други институции, согласно Законот за вработени во јавен сектор.

Две работни места се во мирување.

Во текот на 2025 година имаше 4 (четири) престаноци на работен однос.

Стручното усовршување на вработените во Бирото се одвиваше преку учество на семинари, конференции, работилници, состаноци, на кој начин се разменуваат искуства со претставници на институциите како и со претставници на останатите земји учеснички.

Во текот на 2025 година, реализирани се следните активности преку кои се зајакнуваат стручните капацитети на вработените во БЈН и тоа:

- 1 вработен од Бирото за јавни набавки учествуваше на работилница на тема „Approaches to Corruption Prevention and Prosecution in the Implementation of Infrastructure Projects„ во организација на Министерството за европски прашања;
- 1 вработен посетуваше обука за сертификација на лице за јавни набавки;
- 1 вработен посетуваше обука за ресертификација на лице за јавни набавки;
- 1 вработен учествуваше на обука за финансиски планирање, реализација, следење и измена на договорите за јавни набавки;
- 1 вработен следеше обука на тема „Напредни професионални вештини-клуч за успешна јавна администрација,
- 7 вработени од Бирото за јавни набавки учествуваа на работилница за подготовка на преговарачката позиција во организација на Министерството за европски прашања;
- 1 вработен посетуваше обука за архивско и канцелариско работење;
- 2 вработени следеа 4 модули од обуката „PPE+Europe 2025 – Strategic Procurement Training for Centralised procurement Organisations;
- 3 вработени учествуваа на обука за управување на јавните набавки - дилеми, најчесто поставувани прашања и насоки при спроведување на постапките за јавни набавки;
- 3 вработени учествуваа на работилница за црвени знаменца - алатка за превенција од корупција и различни пракси за мониторирање на јавните набавки во организација на Светска Банка;
- 7 вработени го завршија курсот DP-080: Query and Modify Data with Transact-SQL;
- 4 вработени учествуваа на обука на тема „ Јавни набавки и финансии: намалување на ризиците од жалби, управување со договорите за јавни набавки, поврзаност на планот за јавни набавки со финансискиот план и подобрување на квалитетот на жалбите,
- 8 вработени го завршија курсот Analyzing Data with Excel and Essential Statistics;

- 1 вработен учествуваше на обука за новини во Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници;
- 1 вработен учествуваше на обука за спроведување попис на средствата, побарувањата и обврските кај општините, државните органи и јавните претпријатија - предуслов за објективно и реално изготвување на финансиските извештаи како составен дел на завршната сметка;
- 1 вработен го заврши курсот за MS Excel 2019;
- 11 вработени го завршија курсот за MS-4004: Empower your workforce with Copilot for Microsoft 365 Use Cases.

## 2.2 Изготвени мислења

Бирото за јавни набавки е надлежен орган за развој, унапредување и системско регулирање на јавните набавки во Република Северна Македонија. Бирото има клучна улога во воспоставувањето и одржувањето на функционален, транспарентен и конкурентен систем на јавни набавки, насочен кон законито, економично и ефикасно користење на јавните средства.

Клучен инструмент во остварувањето на овие цели е изготвувањето мислења во врска со примената на законодавството. Во 2025 година, Бирото обезбеди стручна поддршка на договорните органи и економските оператори преку издавање мислења и насоки, кои овозможуваат доследна примена на законските одредби, јакнење на правната сигурност и намалување на ризиците од неправилности. Мислењата опфаќаат различни аспекти на постапките, вклучувајќи евалуација на понудите, постапување при измена на договори, користење на способност на подизведувачи. Прашања поврзани со постапување при измена на договорите во текот на нивната важност, евалуацијата на понудите,  право на поднесување на жалба, како и различни аспекти на спроведување поедноставени отворени постапки.

Исто така, се забележаа прашања за работата на комисиите за јавни набавки, односно кој може да биде назначен за член или претседател на комисијата, потребата од лице за јавни набавки во договорниот орган или можноста за ангажирање од надвор, како и прашања поврзани со подготовката на техничките спецификации

Мислењата се подготвуваат врз основа на анализата на конкретни барања и прашања, овозможувајќи усогласување на практиката со европските стандарди и

современите принципи на транспарентност, конкуренција и отчетност. Преку нив, Бирото директно придонесува кон унапредување на ефикасноста на постапките за јавни набавки, намалување на ризиците од неправилности и зајакнување на институционалните капацитети.

Во текот на 2025 година, до Сектор за нормативна дејност, едукација и меѓународни односи преку контакт формата се пристигнати 691 барање, а по пошта беа доставени 49 барања за мислење.

За да се обезбеди поголема транспарентност и практична применливост, Бирото ги сублимира најчесто поставуваните прашања и ги објавува на својата веб-страница во делот „Често поставувани прашања“. Овие публикации ги интегрираат одговорите на слични прашања, овозможувајќи лесен и систематизиран пристап до стручни насоки, што ја зајакнува довербата во системот и придонесува кон негово континуирано унапредување.

## 2.3 Изработени прирачници

Бирото за јавни набавки во 2025 година, изготви и објави „Упатсво за поднесување на понуда на ЕСЈН“, „Упатство за подготовка на образецот на финансиска понуда, како дел од тендерската документација“, „Упатство за дигитално потпишување на документи“, „Упатство техничка спецификација и образец на техничка понуда“ и „Упатство за правилно отварање на PDF документи, со цел проверка на дигитален потпис“.

Целта на овие прирачници е добивање на насоки при поднесување на понуди од страна на економските оператори, како и добивање на насоки за договорните органи согласно надградбата и воведените новости на Електронскиот систем за јавни набавки.

## 2.4 Негативни референци

Со цел да се заштитат договорните органи од економските оператори кои се несериозни и не ги почитуваат условите кои ги дале во своите понуди, со законот предвидени се случаи кога може да се издаде негативна референца на истите.

Доколку дојде до наплата на банкарската гаранција на понудата, односно до прекршување на изјавата за сериозност на понудата, во случај кога понудувачот: ја

повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност, не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата, не го потпише договорот  за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација, договорниот орган за понудувачот во ЕСЈН објавува негативна референца. Негативната референца резултира со исклучување на предметниот понудувач од сите идни постапки за јавни набавки во период од шест месеци од денот на објавувањето, а периодот на исклучување се зголемува за дополнителни три месеци при секоја наредна негативна референца, но не повеќе од една година.

Во текот на 2025 година, од страна на договорните органи биле издадени вкупно 74 негативни референци, од коиБирото отстранило 6 негативни референци, односно 3 постапувајќи по одлука на Државната комисија за жалби по јавни набавки и 3 негативни референци по доставена изјава заверена на нотар заради техничка грешка на вработен кај договорниот орган кој незаконски издал негативна референца за одреден економски оператор.

Детална анализа на причините поради кои истите биле издадени е дадена во графиконот 2.1

Графикон 2.1




Анализата на причините поради кои биле издадени негативните референци, врз основа на податоците со кои располага Бирото, е прикажана во графиконот 2.2

во кој е дадена споредба на бројот на издадени негативни референци во однос на претходната година.

Графикон 2.2




Од графиконот, може да се забележи дека бројот на издадени негативни референци во 2025 година во споредба со 2024 година, е значително зголемен. Имено, издадени се 74 негативни референци во 2025 година, додека, во 2024 година се издадени 32 негативни референци.

Листата на негативни референци е јавно достапна на Електронскиот систем за јавни набавки, а условите за издавање на негативна референца се јасно пропишани во законот.

## 2.5 Сектор за правни и административни работи

Секторот за правни и административни работи е надлежен за правните и стручно-административните работи на Бирото.

Основната надлежност и делокруг на работа на Секторот е правилна имплементација на правните прописи кои се однесуваат на работата на Бирото за јавни набавки, произнесување по судски предмети во кои Бирото за јавни набавки се јавува како тужена страна, следење и примена на прописите од областа на јавните набавки со цел утврдување на сторени прекршоци како и иницирање и поведување

на прекршочни постапки согласно прекршочните одредби утврдени во Глава X од Закон за јавните набавки

Во 2025 година не е евидентиран ниту еден предмет каде Бирото за јавни набавки се јавува како тужена страна, што подразбира дека редовно и континуирано ги сервисира своите обврски кои произлегуваат од облигационите односи во кои се јавува како договорна страна и целосно постапува во согласност со законските и подзаконските прописи во делокругот на својата надлежност.

Поведени се вкупно 5 постапки за утужување против договорни органи кои не ја исполниле обврската за плаќање кон Бирото за јавни набавки, обврски произлезени од дадени услуги поврзани со Електронскиот систем за јавни набавки или услуги поврзани со системот за едукација на лица за јавни набавки за стекнување на потврда за лице по јавни набавки. Од наведените предмети, за 1 предмет постапката е повлечена поради исполнување на паричната обврска пред официјално поведување на постапката пред надлежен нотар. За 1 предмет е донесено извршно решение, врз основа на кое побарувањето е целосно наплатено. За преостанатите 3 предмети постапките се во тек и по добивање на информации од Државното правобранителство како застапник на Бирото, ќе следат соодветни мерки и активности за наплата на долговите.

Во однос на прекршочните постапки кои се во надлежност на Секторот во 2025 година оформени се вкупно 20 предмети за кои се поднесени соодветни поднесоци - прекршочни пријави пред надлежните судови во Република Северна Македонија, од кои дел се завршени правосилно, а помал дел се во фаза на главен претрес и сеуште се постапува. Исто така, одделението во поголем дел постапуваше и по оформените прекршочни предмети кои беа поднесени до судовите во 2024 година во смисла на подготовка на поднесоци, известувања, информации и жалби на веќе донесените првостепени пресуди.

Графикон 2.3




Имајќи ги во предвид можностите за прибирање на информации, податоци и докази преку Електронскиот систем за јавни набавки, а поврзани со обврските на договорните органи предвидени во Законот за јавните набавки за кои се предвидени прекршочни санкции, останува ограничена можноста за поведување прекршочни постапки и по други основи, иако ваквиот механизам во пракса се покажа како ефикасен. Во прилог на тоа говори и значителното намалување на бројот на прекршоци од страна на договорните органи во изминатиот период, што, покрај спроведените прекршочни постапки, се должи и на практиката на Бирото за јавни набавки двапати годишно да доставува циркуларна порака до договорните органи со цел навремено исполнување на нивните обврски и превенција од сторување на нови прекршоци.

Во текот на 2025 година, примени се вкупно 82 пресуди од основните судови во РСМ по оформени и поведени прекршочни предмети од страна на Бирото за јавни набавки за сторени прекршоци определени во Законот за јавните набавки и сите 82 се осудителни, односно надлежните судови во РСМ донеле пресуди со кои одговорните лица ги огласиле за виновни.

Од вкупно 82 осудителни пресуди, 25 пресуди се донесени по изјавена жалба на Бирото за јавни набавки, додека 57 пресуди се донесени од првостепен суд.

Графикон 2.4




Од пресудите донесени по жалба, во 20 случаи жалбата е уважена и постапката е вратена на првостепениот суд на повторно одлучување и/или мериторно е одлучено по жалбата поднесена од Бирото за јавни набавки, а во 5 случаи жалбата е одбиена како неоснована и потврдена е пресудата на првостепениот суд.

Графикон 2.5



Од пресудите донесени во прв степен, во 36 случаи е изречена прекршочна санкција – глоба, додека во 21 случај е изречена прекршочна санкција – опомена.

Графикон 2.6




По добиените пресуди во 2025 година, вложени се 23 жалби на првостепените пресуди со наводи дека првостепените судови сториле суштествена повреда на одредбите на постапката, неправилно ја утврдиле фактичката состојба или пак сториле повреда на материјалното право, а во голема мера жалбите опфаќаа и наводи кои ја побиваа одлуката за изречената санкција, особено онаму каде што е изречена прекршочна санкција – опомена, со оглед дека во законот за јавните набавки е пропишана прекршочна санкција - глоба.

Од вложените 23 жалби, второстепените судови донесоа вкупно 13 второстепени пресуди од кои 10 жалби се усвоени, 3 жалби се одбиени односно потврдени се одлуките на првостепените судови, а останатите се сеуште пред второстепените судови на одлучување.

Графикон 2.7




Во рамки на ова одделение е и обврската за правилна примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и правилна примена на прописите кои ја уредуваат областа за постапување по претставки и предлози кои се доставуваат до Бирото за јавни набавки.

Во 2025 година примени се вкупно 7 (седум) барања за пристап до информации од јавен карактер, по кои се донесени вкупно 7 (седум) решенија за позитивен одговор на барањата, а ниту едно барање не е одбиено, отфрлено или неодговорено. Во 2025 година не е добиена ниту една преставка или предлог кој се однесува на Бирото за јавни набавки или за вработените во Бирото.

Во рамки на Одделението за административни работи, односно работата во архивата, во извештајниот период се евидентирани и заверени вкупно 7.168 документи, од кои 1.737 влезни, 2.358 излезни и 3.073 интерни документи, при што е обезбедено континуирано и уредно управување со службената документација.

Графикон 2.8


Евиденција по типови на документи
вкупно 7168 документи
3500
3000
2500
2000
1500
1000
500
0
1737
2358
3073
влезни
излезни
интерни

# 3. Едукација за јавни набавки

## 3.1 Податоци од спроведените обуки во 2025 година

Бирото за јавни набавки и во текот на 2025 година, согласно со своите законски надлежности продолжи да организира и врши едукација на службеници и на други стручни лица во врска со јавните набавки. Преку едукацијата за јавни набавки, се зајакнува капацитетот на договорните органи и деловната заедница, односно континуирано се подобруваат теоретските и практични знаења, вештини и компетенции на службениците и на другите стручни лица, со цел да се обезбеди транспарентно, стручно, економично, ефикасно и ефективно спроведување на постапките за јавни набавки на сите нивоа.

Планирањето, организирањето и спроведувањето на едукацијата за јавни набавки, како и подготовката и спроведувањето на писмениот испит и издавањето на потврди за положен испит за лице за јавни набавки, е во надлежност на Бирото за јавни набавки.

Планирањето, организирањето и спроведувањето на едукацијата за јавни набавки, како и подготовката и спроведувањето на писмениот испит и издавање на потврди за положен испит за лице за јавни набавки, е во надлежност на Бирото за јавни набавки.

Едукацијата за јавни набавки во текот на 2025 година, се организираше и спроведуваше врз основа на Годишниот план за реализација на едукацијата за јавни набавки за 2025 година, а согласно со: Законот за јавните набавки, Правилникот за едукација, планирањето, начинот на спроведување на едукацијата и испитот, начинот на издавање и продолжување на важноста на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки, Годишниот план за реализација на едукацијата за јавни набавки за 2025 година, Тарифникот за висината на надоместоците за едукација за јавни набавки, Интерно упатство за подготвување и спроведување на едукацијата за јавни набавки, Интерно упатство за подготовка и спроведување на обука за обучувачи за јавни набавки, Етичкиот кодекс на однесување при спроведување на едукацијата за јавни набавки.

Со годишниот план за едукација се утврди бројот, временскиот распоред, видовите на обуки според наставни програми кои беа планирани да се спроведат во 2025 година, и се определија термините за полагање на редовните и поправните

писмени испити. Објавувањето на годишниот план на 10-ти јануари од тековната година, беше повик врз основа на кој заинтересираните лица, електронски преку веб-страницата на Бирото, во делот Едукација - Пријавување за обуки, пополнуваат пријава за учество на обуката во избраниот термин.

Во текот на 2025 година, се спроведоа обуки за јавни набавки според следните наставни програми:

- Наставна програма за обука на лица за јавни набавки – (обука за сертификација);
- Наставна програма за обука на лица за јавни набавки за продолжување на важноста на потврдата за лице за јавни набавки – (обука за ресертификација).

### 3.1.1 Податоци од спроведените обуки и испити во 2025 година

Согласно Годишниот план во текот на 2025 година, се спроведоа вкупно 25 обуки, и тоа:

- 13 обуки за сертификација, чиј вкупен број на слушатели изнесуваше: 260
- 12 обуки за ресертификација, чиј вкупен број слушатели изнесуваше: 253

Графикон 3.1



Графикон 3.2




Во графикон 3.2, даден е споредбен преглед на спроведени обуки за јавни набавки по години, почнувајќи од 2011 до 2025 година.

### 3.1.2 Анкетни прашалници

Евалуација на обуките се врши од страна на учесници преку Електронскиот систем за едукација, по пат на пополнување на анкетни прашалници. Анализата на прашалниците ја врши Одделението за едукација со цел да утврди дали обуката ги постигнала целите на учењето и дали ги пресретнала очекувањата на учесниците во поглед на корисноста на предавањата на обучувачите и наставните материјали.

Исто така, учесниците преку пополнување на посебен образец го оценуваат квалитетот на предавањето и знаењето на обучувачот со оценка од 5 до 10, при што 5 е најниска, а 10 највисока оценка.

Врз основа на добиените податоци и нивната анализа, одделението за едукација предлага преземање на одредени мерки за подобрување на квалитетот на идните обуки и осмислува и подготвува нови програми за обука.

Согласно податоците, почнувајќи од 01 јануари па до 31 декември 2025 година, од вкупно 260 слушатели кои ја посетиле обуката за сертификација и 253 слушатели кои што ја посетиле обуката за ресертификација за овој период, одговор на доставениот Анкетен прашалник доставиле сите кандидати.

Согласно направените анализи, просечна оценка за Сертификација и за Ресертификација е 9,74.

### 3.1.3 Писмен Испит

По завршување на обуката, Бирото спроведува писмен испит за проверка на стручната оспособеност на учесниците на обуката. Писмениот испит се спроведува од страна на комисија формирана од директорот на Бирото, а стручните и административните работи поврзани со спроведувањето на писмениот испит ги врши одделението за едукација.

Право на полагање на испит имаат сите лица кои биле присутни на најмалку 80% од пропишаното времетраење на обуката. Писмениот испит се состои од 40 прашања со 4 понудени одговори со тоа што секој точен одговор носи 2,5 поени. Писмениот испит е во времетраење од 45 минути, истиот се полага со најава на електронскиот систем за едукација и се положува со освоени минимум 70 бода.

Доколку учесникот не го положи испитот, истиот ќе може да полага поправен испит. Доколку учесникот не освои доволен број на поени и на поправниот испит, се смета дека не го положил испитот и нема повеќе право да полага. Во овој случај, потребно е учесникот повторно да дојде на обука која се спроведува според наставната програма која ја посетувал.

Во 2025 година, писмениот испит за јавни набавки, по ислушаната обука за сертификација го положиле вкупно 182 лица, за ресертификација положиле вкупно 230 лица.

Графикон 3.3




Согласно горенаведеното, во текот на 2025 година, од вкупно 513 учесници кои присуствувале на обуки за Сертификација и Ресертификација, испитот го положиле 412 учесници или 80,3%.

Графикон 3.4



# 4. Податоци добиени од други институции

## 4.1 Државна комисија за жалби по јавни набавки

Правната заштита во постапките за јавни набавки ја обезбедува Државната комисија за жалби по јавни набавки, која согласно Законот за јавните набавки е надлежна за одлучување по жалби поднесени во овие постапки, како и во постапките за доделување договори за концесии и јавно-приватно партнерство. Преку своето постапување, Комисијата има значајна улога во обезбедувањето законитост и транспарентност во спроведувањето на постапките за јавни набавки.

Во рамките на своите надлежности, Државната комисија одлучува за законитоста на преземените дејствија, како и за пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорните органи. Исто така, Комисијата ја оценува законитоста на одлуките кои се донесуваат како поединечни правни акти во постапките за јавни набавки. Покрај тоа, во рамки на постапката за правна заштита се одлучува и по други барања што можат да ги поднесат странките, како што се барања за склучување на договор за јавна набавка или рамковна спогодба, предлози за определување времена мерка, како и барања за надоместок на трошоците во жалбената постапка.

Според податоците доставени од Државната комисија за жалби по јавни набавки, во текот на 2025 година биле оформени вкупно 1535 жалбени предмети. Од нив, 1405 предмети се решени, односно за нив е донесена одлука, додека 130 предмети останале нерешени и се пренесени за понатамошно постапување во 2026 година.

Во однос на судската контрола на одлуките на Комисијата, против нејзините решенија пред Управниот суд се оформени вкупно 136 предмети, и тоа 119 тужби и 17 барања за донесување времена мерка за одлагање на извршувањето на решението.

Од поднесените 119 тужби, состојбата е следна:

- 47 предмети сѐ уште се без донесена одлука,
- 60 тужби се одбиени како неосновани,
- 7 тужби се уважени,
- 3 тужби се отфрлени и
- кај 5 тужби постапката е запрена.

Во однос на 17-те поднесени барања за донесување времена мерка за одлагање на извршувањето на решение, 15 барања се одбиени како неосновани, едно барање е запрено, додека за едно барање сè уште нема донесено одлука заклучно со 31.12.2025 година.

Податоците добиени од Државната комисија за жалби по јавни набавки се прикажани во Графикон 4.1, каде што заради подобра анализа и споредба се презентирани и податоци за претходните четири години.

Графиконот 4.1




Од податоците во графиконот 4.1 се забележува тренд на зголемување на вкупниот број на примени предмети од 2021 година, кога овој број изнесувал 1109, за да во 2025 година вкупниот број на примени предмети се зголеми на 1535.

Графикон 4.2




Графиконот 4.2 ги покажува податоците од 2021 до 2025 година кои се однесуваат на бројот на уважени жалби (поништена одлука и поништена постапка), бројот на одбиени жалби, бројот на отфрлени жалби, како и бројот на повлечени жалби. Споредувајќи ги податоците се забележува зголемување на бројот на уважени жалби односно за 2024год. изнесува 346, додека за 2025год, изнесува 636.

Графикон 4.3




Што се однесува до бројот на поднесени тужби против одлуките донесени од страна на Државната комисија за жалби пред Управниот суд, во графиконот 4.3 се прикажани податоците од 2021 до 2025 година, при што се забележува дека вкупниот

број на поднесени тужби во 2025 се зголемил, односно изнесува 119, за разлика од 2024 година, кога оваа бројка изнесувала 103 поднесени тужби.

## 4.2 Управен суд

Судската контрола на одлуките донесени од Државната комисија за жалби по јавни набавки се остварува пред Управниот суд. Во рамките на своите надлежности, Управниот суд постапува по тужби поднесени од странки кои не се согласуваат со одлуките на Комисијата, со што обезбедува дополнителен степен на правна заштита и придонесува кон доследна примена на законските прописи во областа на јавните набавки.

Во текот на 2025 година, односно во периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година, до Управниот суд се поднесени вкупно 119 тужби против одлуките на Државната комисија за жалби по јавни набавки. Покрај тужбите, во истиот период се поднесени и 17 барања за донесување времена мерка за одлагање на извршувањето на решение.

Податоците за бројот на поднесени тужби против одлуките на Државната комисија за жалби по јавни набавки, како и исходот од постапувањето на Управниот суд по нив, се прикажани во Графикон 4.4

Графикон 4.4



Во текот на 2025 година, Управниот суд постапувал по 119 тужби поднесени против решенијата на Државната комисија за жалби по јавни набавки. Од нив, по 47 предмети сѐ уште нема донесено одлука, додека 60 тужби се одбиени како неосновани. Исто така, 4 тужби се уважени, 3 тужби се отфрлени, а постапката е запрена во 5 предмети.

Податоците за бројот на уважени, одбиени и отфрлени тужби, како и за запрените постапки, се прикажани во Графикон 4.5, со споредба на трендовите од претходните години.

Според споредбата со 2024 година, се забележуваат промени во исходот на постапките: бројот на одбиени тужби е зголемен од 53 на 60, бројот на уважени тужби се намалил, додека запрените постапки се зголемени од 3 на 5 случаи.

Графикон 4.5




Од вкупно поднесените 17 барања за донесување на времена мерка за одлагање од извршување на решение, 15 барања се одбиени, 1 барање нема одлука заклучно со 31.12.2025 година и постапката по 1 барање е запрена.

## 4.3 Виш Управен суд

Правната контрола на одлуките на Управниот суд донесени во прв степен, поврзани со поништување на решенијата на Државната комисија за жалби по јавни набавки, се врши од страна на Вишиот Управен суд. Оваа институција обезбедува дополнителна правна проверка и гарантира доследност во примената на законските одредби во постапките за јавни набавки.

Според податоците од Вишиот Управен суд, во текот на 2025 година биле решени вкупно 36 предмети, при што за 17 предмети биле донесени конкретни одлуки.

Од овие 36 предмети:

- 9 предмети се решени со одлуки по кои жалбите на тужителите се одбиени како неосновани и одлуките на Управниот суд се потврдени;
- 1 предмет е решен со одлука по која жалбата е отфрлена;
- 6 предмети се решени со одлуки по кои жалбите се уважени, одлуките на Управниот суд се преиначени, и решенијата на Државната комисија за жалби по јавни набавки се поништени;
- 1 предмет е решен со одлука по која жалбата е уважена, одлуката на Управниот суд е укината, и предметот е вратен на повторно разгледување и одлучување на првостепениот суд.

Овие податоци го отсликуваат влијанието на Вишиот Управен суд во системот на правна заштита и го прикажуваат исходот на жалбите на странките во постапките за јавни набавки.

## 4.4 Државна комисија за спречување на корупцијата

Една од надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата е постапувањето по пријави од физички и правни лица за сомнежи за корупција и судир на интереси.

Во текот на 2025 година, Државната комисија за спречување на корупцијата оформи и постапуваше по 43 предмети по пријави од физички и правни лица и 1 предмет по сопствена иницијатива со сомнеж за незаконитости/неправилности во постапки за јавни набавки, од кои 13 се завршени (9 одлуки и 4 заклучоци), а за останатите 31 предмет постапувањето е во тек. Во текот на 2025 година, постапувајќи по

предмети оформени во 2024 година до Јавното обвинителство на РСМ, ДКСК покрена 2 иницијативи за поведување на постапка за кривично гонење.

## 4.5 Комисија за заштита на конкуренцијата

Надлежноста на Комисијата за заштита на конкуренцијата се однесува на следење и анализа на состојбите на пазарот, со цел обезбедување и одржување на слободна и ефективна конкуренција. Во таа насока, Комисијата утврдува правила и мерки за заштита на конкуренцијата и презема активности за воспоставување рамномерни услови за делување на пазарот.

Слободната конкуренција е од особено значење за економиите кои се базираат на принципот на слободен пазар, каде распределбата на ресурсите се определува преку односот на понудата и побарувачката. Правото на конкуренција, кое е клучна политика на внатрешниот пазар на Европската унија и земјите членки, како и во сите економии засновани на слободен пазар, има за цел да спречи практики и активности кои одредени претпријатија можат да ги доведат во неправедно поповолна позиција во однос на конкуренцијата на пазарот.

Во контекст на јавните набавки, какво било стекнување на неправедна предност од страна на економски оператори би го нарушило начелото на слободна конкуренција и еднаков третман меѓу учесниците. Затоа, почитувањето на законските одредби во постапките за јавни набавки, особено начелото на конкуренција и недискриминација, претставува централен предмет на интерес на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Според податоците за 2025 година, Комисијата не утврдила прекршоци или повреди на правилата за конкуренција во рамките на јавните набавки и нема изречено глоба за економските оператори.

# 5. Соработка со институции во врска со јавните набавки

## 5.1 Соработка со институции во Република Северна Македонија

Соработката меѓу клучните институции во системот за јавни набавки претставува основен предуслов за негово ефикасно и транспарентно функционирање. Редовната и посветена координација овозможува континуирано следење на функционирањето на системот за јавни набавки, навремено идентификување на слабостите и иницирање на мерки и предлози за подобрување на процесите.

Бирото ја одржува оваа соработка преку два механизми:

- Координативното тело за следење на спроведувањето на Стратегијата за унапредување на системот на јавни набавки 2022-2026 - кое обезбедува редовно следење на спроведување на активностите од Стратегијата и оценка на напредокот.
- Советодавното тело на клучните институции во системот на јавни набавки - кое обезбедува редовно следење на процесите, идентификување на слабостите и иницирање на мерки и предлози за унапредување.

Овие механизми овозможуваат континуирана институционализирана соработка, што придонесува за зголемена ефективност, транспарентност и доверба во системот на јавни набавки.

Во рамки на Координативното тело за следење на спроведувањето на Стратегијата за јавни набавки се одржаа три работни состаноци. На овие состаноци, членовите на Координативното тело ги разгледуваа преземените активности за реализација на мерките и целите утврдените со Стратегијата. Исто така, се подготви Годишен извештај за следење на спроведувањето на Стратегијата за 2025 година, а беа предложени и усогласени активности за Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за јавни набавки за 2026 година.

Во рамки на Советодавното тело, во кое покрај претставници од Бирото учествуваат и претставници од Државната комисија за жалби по јавни набавки,

Државниот завод за ревизија, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Државната комисија за спречување на корупција и Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, се одржаа два работни состаноци, на кои беа презентирани искуства и согледувања во врска со примената на Законот за јавните набавки, и беа разменети мислења и ставови со цел обезбедување правилна и унифицирана примена на Законот од страна на сите чинители во системот на јавни набавки.

Бирото одржа активна соработка со Министерството за финансии, особено во рамки на реализацијата на Реформската агенда на Република Северна Македонија 2024-2027 и реализацијата на Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2025–2028, во делот за Јавни набавки, како и со Државната комисија за спречување на корупцијата во рамки на активностите кои се реализираат за подготовка на Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026 – 2030 година.

Во насока на зајакнување на капацитетите на сите засегнати страни во системот за јавни набавки, Бирото одржа работилница со ревизори од Државен завод за ревизија, како и работилница за судии, јавни обвинители, советници и административен персонал во правосудните тела во организација на Академијата за судии и јавни обвинители.

Бирото во континуитет ја одржува и соработката со невладиниот сектор. Во 2025 година претставници од Бирото учествуваа на работилница „Како да ги користиме податоците од регистарот на вистински сопственици и од другите бази и регистри за откривање корупција и судир на интереси?“, кака и на консултативна средба за претставување на истражувањето – „Здравството троши сè повеќе, а нуди сè помалку“, организирани од Центарот за граѓански комуникации.

Во овој период, Бирото соработуваше и со други институции, чиешто дејствување од различни аспекти влијае на функционирањето на системот на јавни набавки.

## 5.2 Соработка со меѓународни институции и меѓународна соработка при ЕУ интеграција

Во 2025 година, Бирото за јавни набавки ја продолжи соработката со меѓународните институции, пред се со Европската комисија, Светска Банка и Светската трговска организација, како и со институциите во регионот.

Претставници од Бирото за јавни набавки учествуваа на редовните состаноци на Комитетот на Спогодбата за јавни набавки на Светската трговска организација, кои се одржаа во јуни и октомври 2025 година.

На барање на Бирото, Светска банка започна Проценка на системот за јавни набавки согласно Методологијата за проценка на системите за јавни набавки (МАПС), што треба да придонесе кон носење на правилни и издржани одлуки при креирање на политиката за понатамошна реформа на системот за јавни набавки во земјата.

Во соработка со Делегација на Европска унија, а во рамки на проект за поддршка на имплементацијата на Програмата за управување на јавни финансии, ангажиран е експерт за подготовка на Практичен водич за примена на критериумот Економски најповолна понуда. Овој водич треба да придонесе кон поттикнување на договорните органи за почеста примена на економски најповолната понуда како најдобар сооднос цена - квалитет или најекономичен пристап за доделување.

Во рамки на Проектот за зајакнување на отпорноста на корупција на општините потпишан е Меморандум за соработка со Националниот демократски институт (НДИ).

Бирото, како институција - носител на Поглавје 5 Јавни набавки активно учествуваше во подготовка на Пилот - нацрт Преговарачка позиција за Поглавје 5 Јавни набавки во организација на Министерство за европски прашања преку проектите Support to European Integration и Knowledge for Reform имплементирани преку UNOPS. Воедно, претставници од Бирото учествуваа и на работилница за Новините по однос на методологијата за драфт преговарачки позиции согласно последните измени од Европската комисија кои се воведени за Албанија.

Во рамки на подготовката на материјал за политика за мали и средни претпријатија за SME Policy Index 2026, во надлежност на Министерство за економија и труд, Бирото даде свој придонес од областа на јавните набавки.

Во рамки на шеснаесеттата сесија на Отворената меѓу-владина работна група за спречување на корупцијата, која се одржа во седиштето на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC) во Виена, со фокус на една од најактуелните глобални теми „Спречување на корупцијата во јавните набавки преку употреба на информатичко-комуникациски технологии (ИКТ)", директорката на Бирото за јавни набавки настапи како панелист и ги претстави постигнувањата на нашата земја во унапредувањето на интегритетот на јавните набавки преку дигитална трансформација.

Претставници од Бирото учествуваа на Глобалниот форум „Партнерство за антикорупција", организиран од International Corruption Hunters Alliance (ICHA) и програмата Anticorruption for Development (AC4D), кој се одржа во Вашингтон, САД.

Претставници од Бирото учествуваа на меѓународната конференција со наслов „Еволуција на правилата за јавни набавки во ЕУ: Од директивите од 2014 до ширење на секторските пристапи", организирана од страна на Канцеларијата за јавни набавки на Полска, во рамките на полското претседателство со Советот на ЕУ.

Во рамки на Регионалниот форум „Од политика до импакт: Унапредување на интегритетот и институционалните реформи во Западен Балкан", кој се одржа во декември 2025, во Скопје, директорката на Бирото имаше свое излагање на Панелот „Координациски механизми меѓу институциите за отчетност / Улогата на граѓанското општество и истражувачките медиуми во промовирањето на отворени финансии".

Претставници од Бирото учествуваа на состанок на Работната група за финансиски пазари (WGFM) и Работната група за индустриски развој (WGID), кој се одржа во Приштина, Косово.

Во насока на зајакнување на регионалната соработка, претставници од Бирото остварија средба со високи претставници од Министерството за јавна администрација на Република Словенија, со цел унапредување на соработката и размена на искуства во областа на јавните набавки, учествуваа на меѓународен настан по повод 30-годишнината од воспоставувањето на системот за јавни набавки во Албанија, а остварена е и официјална посета на Регулаторната комисија за јавни набавки на Косово.

Може да се забележи дека Бирото за јавни набавки и во текот на 2025 година, ја продолжи меѓународната соработка во областа на јавните набавки, со цел активно следење на најновите европски трендови и унапредување на националниот систем за јавни набавки.

# 6. Контрола на постапките за јавните набавки

Во текот на 2025 година, Бирото за јавни набавки спроведуваше контрола и проверка на постапките за јавни набавки согласно важечката законска регулатива и измените на Законот за јавните набавки.

До 31.03.2025 година, Бирото за јавни набавки вршеше управна контрола на постапките за јавни набавки кои беа објавени на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), согласно одредбите од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/21).

Од 01.04.2025 година, со стапување во сила на измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/25), Бирото за јавни набавки започна да врши административна проверка на постапките за јавни набавки кои се објавуваат на ЕСЈН од овој датум.

Со наведените законски измени, дотогашните:

- Сектор за контрола,
- Одделение за управна контрола, и
- Одделение за претходно мислење и управна контрола според проценка на ризик и случаен избор,

се преименувани и реорганизирани во:

- Сектор за административна проверка и претходно мислење,
- Одделение за административна проверка, и
- Одделение за претходно мислење.

## 6.1 Управна контрола на постапките за јавни набавки

Одделението за управна контрола спроведува управна контрола на постапките за доделување на договори за јавни набавки. Имено, Бирото ја врши управната контрола согласно член 45 став (1) алинеја 6 од Закон за јавните набавки, односно согласно одредбите од Глава IX (член 172-178) од овој закон (на сила до 31.03.2025 година), одредбите од Правилникот за начинот на избор на постапките за јавни набавки кои ќе бидат предмет на управна контрола, како и за начинот на вршење управна контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2019 87/21) и Правилникот за содржината на записникот од извршената управна контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2019 и 87/21). Управната контрола врз постапките по јавна набавка започнува пред испраќање на известувањата за направениот избор, односно поништување со прилог - одлуката за избор, односно поништување на постапката до понудувачите кои учествувале во истата, па така на овој начин може да допринесе кон отстранување на утврдените неправилности (незаконски преземените дејствија или пропуштање на преземање на одредени дејствија) во сите фази од спроведената постапка.

Предмет на управна контрола можат да бидат постапките за јавни набавки со проценета вредност над 500.000 евра во денарска противвредност кај набавката на стоки или услуги и над 2.000.000 евра во денарска противвредност кај набавката на работи член 172 став (3) од законот). Понатаму, од 2022 година се започна со управна контрола на постапките за јавни набавки врз основа на проценка на ризиците од кршење на одредбите од овој закон и по случаен избор член 172 став (4) од законот).

Во 2025 година согласно член 172 став (3) од Законот за јавните набавки, Бирото за јавни набавки спроведе управна контрола на вкупно 124 постапки за јавни набавки, а согласно член 172 став (4) од законот е спроведена управна контрола на 4 постапки.

Податоците за спроведените управни контроли според основот се презентирани во табела 6.1.

Табела 6.1

| Основа за извршување на управна контрола | Број на постапки во 2025 |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Член 172 став (3) од Законот за јавните набавки | 124 |
| Член 172 став (4) од Законот за јавните набавки | 4 |

По проверка на целокупната документација за секоја постапка за јавна набавка согласно член 172 став (3) од законот, Бирото за јавни набавки утврди дека во 82 постапки не се направени неправилности кои би можеле да влијаат врз исходот на постапката, а согласно член 172 став (4) од законот Бирото утврди дека во 1 (една) постапка не се направени неправилности кои би можеле да влијаат врз исходот на постапката и во записниците од спроведена управна контрола кај овие постапки дадени се инструкции на договорниот орган да продолжи со постапката согласно законот. При вршење на управната контрола може да се констатираат 3 вида на неправилности при вршење на управна контрола и тоа: утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката, но можат да се отстранат од страна на Договорниот орган (повторна евалуација); утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката и не можат да се отстранат од страна на Договорниот орган (поништување на постапката) и утврдени неправилности со кои Договорниот орган треба да донесе нова одлука за избор/поништување (повторно одлучување). Оттука, во 6 постапки за јавни набавки согласно член 172 став (3) од законот и во 1 (една) постапка за јавна набавка согласно член 172 став (4) од законот Бирото за јавни набавки при вршење на управна контрола утврдило неправилности кои влијаат на исходот на постапката и кои не можат да се отстранат, па од страна на Бирото дадени се инструкции за договорниот орган да донесе Одлука за поништување на постапката. Во 18 постапки за јавни набавки согласно член 172 став (3) од законот и во 1 (една) постапка за јавни набавки согласно член 172 став (4) од законот утврдени се неправилности кои влијаат на исходот на постапката, но со оглед на тоа дека можеле да бидат отстранети, истите се вратени на повторна евалуација. Во 18 постапки за јавни набавки согласно член 172 став (3) од законот и во 1 (една) постапка за јавни набавки согласно член 172 став (4) од законот утврдени се неправилности кои влијаат врз исходот на постапката и не можат да се отстранат од страна на Договорниот орган со дадени инструкции за повторно одлучување на постапката.

Во табела бр.6.2 и табела бр.6.3 е даден табеларен приказ на бројот на постапки за јавни набавки, според исходот, односно утврдениот наод и дадените инструкции од

страна на Бирото за јавни набавки по спроведената управна контрола согласно член 177 од законот, за период од 2025 година, и тоа:

Табела 6.2

| Исход од извршена управна контрола согласно член 177 од законот за постапки согласно член 172 став (3) од законот | Број на постапки во 2025 |
|---|---|
| Не се утврдени неправилности | 82 |
| Утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката и не можат да се отстранат од страна на Договорниот орган (поништување на постапката) | 6 |
| Утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката, но можат да се отстранат од страна на Договорниот орган (повторна евалуација) | 18 |
| Утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката и не можат да се отстранат од страна на Договорниот орган (повторно одлучување) | 18 |
| **Вкупно** | 124 |

Графикон 6.2




Табела 6.3

| Исход од извршена управна контрола согласно член 177 од законот за постапки согласно член 172 став (4) од законот | Број на постапки во 2025 |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Не се утврдени неправилности | 1 |
| Утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката и не можат да се отстранат од страна на Договорниот орган (поништување на постапката) | 1 |
| Утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката, но можат да се отстранат од страна на Договорниот орган (повторна евалуација) | 1 |
| Утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката и не можат да се отстранат од страна на Договорниот орган (повторно одлучување | 1 |
| **Вкупно** | 4 |

Графикон 6.3




Управната контрола на постапките е спроведена врз основа надлежноста која произлегува од член 172 став (3) и став (4) од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија бр. 24/19 и 87/21“).

Кај постапките за јавна набавка согласно член 172 став (3) од Законот за јавните набавки кај кои Бирото за јавни набавки во записникот од спроведена управна контрола

утврдило неправилности кои влијаат на исходот на постапката, доставени се 5 дополнителни образложенија од страна на договорниот орган, од кои, сите 5 дополнителни образожениja не се прифатени од страна на Бирото и истите се доставени за постапување до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Кај постапките за јавна набавка согласно член 172 став (4) од законот е доставено 1 (едно) дополнително образложение.

Во табела 6.4 и табела 6.5 е даден преглед како постапило Бирото за јавни набавки по добиените образложенија од страна на Договорните органи.

Табела 6.4

| Постапување на Бирото за јавни набавки по добиено дополнително образложение за постапки согласно член 172 став 3 | Број на постапки во 2025 |
|---|---|
| Прифатено дополнително образложение и донесување на Измена на Записник од спроведена управна контрола | / |
| Неприфаќање на дополнително образложение и препраќање на постапката за јавна набавка до Државната комисија за жалби по јавни набавки | 5 |
| **Вкупно доставени дополнителни образложенија** | 5 |

Табела 6.5

| Постапување на Бирото за јавни набавки по добиено дополнително образложение согласно член 172 став 4 | Број на постапки во 2025 |
|---|---|
| Прифатено дополнително образложение и донесување на Измена на Записник од спроведена управна контрола | / |
| Неприфаќање на дополнително образложение и препраќање на постапката за јавна набавка до Државната комисија за жалби по јавни набавки | 1 |
| **Вкупно доставени дополнителни образложенија** | 1 |

Графикон 6.4




По добиените Одлуки за неприфаќање на дополнителното образложение, Државната комисија за жалби по јавни набавки ги разгледува дадените инструкции од Бирото и дополнителното образложение на договорниот орган и одлучува дали дополнителното образложение е прифатливо. Од вкупно доставени 5 (пет) постапки согласно член 172 став (3) и 1 (една) постапка согласно 172 став (4) од Законот за јавните набавки за 2025 година пред Државната комисија, во 6 постапки за јавни набавки е донесено Решение за неприфаќање на дополнителното образложение, односно уважување на Одлуката донесена од страна на Бирото за јавни набавки.

Во табела 6.5 даден табеларен приказ на овие податоци.

Табела 6.5

| Начин на одлучување на Државната комисија за жалби по јавни набавки по однос на доставено дополнително образложение од страна на договорниот орган против Записник од извршена управна контрола (член 172 став (3) и (4) | Број на донесени решенија во 2025 |
|---|---|
| Решение со кое се потврдува Одлуката за неприфаќање на дополнителното образложение | 6 |
| Решение со кое се отфрла Одлуката за неприфаќање на дополнителното образложение како неуредна | / |

| | |
|---|---|
| Решение со кое се поништува Одлуката за неприфаќање на дополнителното образложение и се прифаќа дополнителното образложение на договорниот орган | / |
| Вкупно | 6 |

Графикон 6.5




## 6.2 Сектор Административна проверка и претходно мислење

Бирото за јавни набавки преку Секторот Административна проверка и претходно мислење врши административна проверка на постапките за јавни набавки кои беа објавени на ЕСЈН од 01.04.2025 година и дава мислење за исполнетоста на условите во постапката со преговарање без објавување оглас согласно условите од Законот за јавните набавки.

Секторот Административна проверка и претходно мислење се состои од две одделенија:

- Одделение за административна проверка и

- Одделение за претходно мислење.

Одделението за Административна проверка се состои од 8 вработени административни службеници, додека одделението за претходно мислење брои 1 вработен административен службеник.

### 6.2.1 Одделение за административна проверка

Бирото за јавни набавки од 01.04.2025 година врши административна проверка на тендерската документација на постапките кои се предмет на административна проверка, пред објавување на огласот согласно член 45 став (1) алинеја 6 од измената на Закон за јавните набавки, односно согласно одредбите од Глава IX (член 172-178) од овој закон („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/25).

Предмет на административна проверка се јавните набавки со проценета вредност над 500.000 евра во денарска противвредност кај набавката на стоки или услуги и над 2.000.000 евра во денарска противвредност кај набавката на работи (член 172 став (3) од законот. Исто така, предмет на административна проверка може да биде било која постапка за јавна набавка врз основа на проценка на ризиците од кршење на одредбите од овој закон и по случаен избор (член 172 став (4) од законот („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/21). Податоците за спроведените административни проверки според основот се презентирани во табела 6.6.

Табела 6.6

| Основа за извршување на административна проверка | Број на постапки 01.04-31.12.2025 |
|---|---|
| Член 172 став (3) од Законот за јавните набавки | 249 |
| Член 172 став (4) од Законот за јавните набавки | 0 |

При вршењето на административната проверка, доколку се најдат неправилности кои би влијаеле врз исходот на постапката (наоди), Бирото за јавни набавки ќе даде препораки што треба да ги преземе договорниот орган. Доколку не се

најдени неправилности од страна на Бирото за јавни набавки, договорниот орган пристапува кон објавување на огласот за јавна набавка.

Во табелата 6.7 даден е табеларен приказ на бројот на постапки за јавни набавки, односно за колкав број постапки се најдени наоди и препораки и за колкав број постапки не се најдени наоди и препораки. Во тековната година не е спроведена административна проверка на постапки за јавна набавка врз основа на проценка на ризиците од кршење на одредбите од овој закон и по случаен избор (член 172 став (4) од законот („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/21).

Табела 6.7

| Наоди и препораки (постапки согласно член 172 став (3) од Законот за јавните набавки) | Број на постапки 01.04-31.12.2025 |
|---|---|
| Најдени се наоди и препораки | 203 |
| Не се најдени наоди и препораки | 46 |
| **Вкупно** | **249** |

Графикон 6.7




Согласно член 17 став 1 од Интерното упатсво за внатрешна организација на Бирото за јавни набавки за вршење административна проверка, Одделението за административна проверка врши проверка дали договорниот орган постапил по

дадените препораки на Бирото во постапките кои биле предмет на административна проверка.

Во табела 6.8 даден е табеларен приказ на овие податоци за постапките во кои биле најдени наоди и дадени препораки врз основа на кои договорниот орган постапил целосно, делумно или не постапил.

Табела 6.8

| Постапување по препораките на Бирото согласно образецот за проверка | Број на постапки 01.04-31.12.2025 |
|---|---|
| Да | 159 |
| Делумно | 41 |
| Не | 3 |
| **Вкупно** | 203 |

Графикон 6.8



### 6.2.1 Одделение за претходно мислење

Согласно член 55 став 1, точка в) и г) од законот, пред отпочнување со постапката со преговарање без претходно објавување на оглас, договорниот орган треба да обезбеди мислење од Бирото за јавни набавки за исполнетоста на условите за спроведување на оваа постапка. Претходното мислење го извршува Одделението за претходно мислење по добиено барање од страна на договорниот орган.

Согласно Законот за јавните набавки во членот 55 став 1, точка в) ги обврзува договорните органи да побараат претходно мислење од Бирото во следните случаи:

- кога целта на јавната набавка е да се создаде или добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби,
- кога поради технички причини нема конкуренција за предметот на набавката или
- за заштита на ексклузивни права, вклучувајќи ги и правата на интелектуална сопственост.

Согласно член 55 став 1, точка г) од законот, договорниот орган бара претходно мислење од Бирото кога има потреба за спроведување на постапка од крајна итност, предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и притоа, роковите за другите постапки не можат да се применат.

Спроведувањето на претходното мислење започнува по добиено барање за постапка со преговарање без објавување на оглас. Одделението за претходно мислење го обработува барањето и документите во прилог и издава претходно мислење за исполнетоста на условите за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас, во законски утврден рок согласно член 55 став 7, односно 5 работни дена за постапка со преговарање без објавување на оглас за постапки по итност и 10 работни дена за постапки со преговарање без објавување на оглас во случаите каде договорниот орган треба да спроведе постапка поради технички причини, за заштита на ексклузивни права или кога целта на јавната набавка е да се создаде или добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби. Во табелата 6.9 е даден приказ на пристигнатите барања за мислења за исполнетоста на условите за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас од страна на договорните органи.

Табела 6.9

| Барање за мислење | Одговор | Број | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Барања за мислење согласно член 55 став 1, точка в), | Позитивно | 220 | 229 |
| | Негативно | 9 | |
| Барања за мислење согласно член 55 став 1, точка г), | Позитивно | 40 | 46 |
| | Негативно | 6 | |
| Повлечени барања | 20 | | |

Графикон 6.9




Графикон 6.10



# 7. Користење на Електронскиот систем за јавни набавки

Електронскиот систем за јавни набавки е едноставен веб-базиран систем за користење, кој овозможува спроведување на јавните набавки во електронска форма во Република Северна Македонија. Преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) овозможен е едноставен процес на електронско тргување помеѓу договорните органи (набавувачите) во Република Северна Македонија и домашните и странски економски оператори (понудувачите). Сите договорни органи во Република Северна Македонија ги спроведуваат своите постапки за јавни набавки по електронски пат. Имено, постапките за јавни набавки задолжително се објавуваат на ЕСЈН заедно со тендерската документација која можат да ја преземат регистрираните економски оператори, додека нерегистрираните економски оператори можат само да ја прегледаат тендерската документација и доколку се заинтересирани да се регистрираат на ЕСЈН и да поднесат понуда. Спроведувањето на набавките преку ЕСЈН подразбира дека сите дејствија во процесот на спроведувањето на електронските јавни набавки во постапката од планирање на набавките, објавување на огласи, поднесување на понуди, јавното отворање и евалуација, донесување одлуки за избор/поништување, е-жалба, управна контрола, известувања за донесените одлуки, известувања за склучени договори, известувања за реализирани договори, целокупната комуникација помеѓу договорните органи и економски оператори се спроведуваат во електронска форма.

Бирото за јавни набавки согласно надлежностите управува со ЕСЈН, го развива и го унапредува системот, а се со цел непречено спроведување на јавните набавки во Македонија, зголемување на транспарентноста, ефикасноста и економичноста на постапките за јавни набавки, како и олеснување на пристапот на корисниците. Електронскиот систем се надградува и унапредува во континуитет, особено како резултат на промена на регулативата во областа на јавните набавки.

На ЕСЈН од 01.04.2025 година беше имплементирана надградена верзија со нови функционалности и напредни алатки со цел олеснување на работењето како за договорните органи, така и за економските оператори.

Клучни надградби во системот:

Бирото за јавни набавки постојано го надградува Електронскиот систем за јавни набавки со нови модули и функционалности со цел олеснување на пристапот на корисниците и поефикасно спроведување на постапките за јавни набавки

Договорните органи постапките ги спроведуваат со електронски средства

- Автоматска тендерска документација – со внесување на податоците во системот, тендерската документација автоматски се креира и објавува, без потреба од дополнително прикачување на документи.
- Финансиски образец на понудата во апликацијата – при креирање на огласот, договорните органи можат директно во системот да го креираат финансискиот образец на понудата.
- Подобрена прегледност при измената на огласот и тендерската документација. Можност за зачувување на темплејт, за користење на пре-дефиниран темплејт и негово автоматско вчитување.
- Цената, количината, ставките/деловите, ддв и сл., понудувачите ги внесуваат на пре-дефиниран образец на ЕСЈН објавен заедно со огласот за јавна набавка од страна на ДО.
- Цените за сите ставки од финансиската понуда се внесуваат директно во модулот „Поднеси понуда“ – документот финансиска понуда автоматски се генерира и прикачува.
- Документите во понудата се прикачуваат исклучиво во .pdf формат.
- Нема потреба документите да се потпишуваат пред прикачување, бидејќи системот автоматски аплицира дигитален потпис на ниво на апликација.

<u>Клучни предности на новите функционалности:</u>

- Едноставен и стандардизиран процес за подготовка и објава на документацијата.
- Намалување на грешките и отфрлањето на неуредни понуди.
- Зголемен интегритет на документацијата преку централизирано дигитално потпишување и автоматско генерирање на документите.
- Подобра споредливост на просечните цени и анализа на пазарот.
- Намалување на можностите за манипулации преку автоматизација и централизирана размена на податоци.
- Значително подобрување во однос на транспарентноста на финансиските понуди, намалување или целосно исклучување на можноста за аритметичка грешка и зголемена можност за мониторинг и анализа на податоците од страна на БЈН.

Во пристапот кон унапредување на постоечките и развој на нови модули на системот, Бирото за јавни набавки прави детална анализа на влијанието врз стабилноста и безбедноста на системот и можните ефекти од поставените решенија врз целокупната база на ЕСЈН, а со цел зачувување на интегритетот на постапките за јавни набавки. Со оглед на комплексноста, а со цел одржување на стабилност и безбедност на системот, надградбите се поставуваат по утврдена динамика и приоритет во фази.

Имајќи ги предвид основните карактеристики на електронските системи за јавни набавки ПОЛЕСНО, ПОБРЗО, ПОЕФТИНО (easy, faster, cheaper) со сигурност може да се каже дека со е-набавките се поедноставува начинот на спроведување на постапките се постигнуваат подобри резултати се олеснува и забрзува комуникацијата помеѓу договорните органи и економските оператори се намалува времетраењето на постапките се зголемува транспарентноста и фер конкуренцијата, а исто така и се намалуваат трошоците преку подобрување на ефикасноста на јавните расходи. Дополнително, електронските набавки ја зголемуваат довербата во системот за јавни набавки што се забележува преку зголемена регистрација на ЕСЈН и учеството на малите и средни претпријатија во постапките за јавни набавки.

Со цел непречено и успешно користење на Електронскиот систем за јавни набавки од страна на корисниците, како и запознавање со надградбите на системот, Бирото за јавни набавки спроведува континуирани обуки за корисниците кои вклучуваат и практични вежби за користење на системот.

Во 2025 година, се спроведоа повеќе бесплатни онлајн обуки за последните измени на Законот за јавни набавки и претставување на новата надградена верзија на ЕСЈН. Вкупно, беа организирани 4 обуки, две за Економски оператори и две за Договорни органи, на кои се пријавија 1.200 учесници.

По имплементација на поголеми функционалности на ЕСЈН кои претставуваат новина на системот, на јавната страна се поставуваат известувања, со одредени насоки и упатства во врска со определена функционалност. Покрај тоа, Бирото за јавни набавки односно Секторот за следење на системот за јавни набавки, управување со ЕСЈН и развој на електронски алатки ги известува корисниците со циркуларни е-маил пораки/известувања за новините на системот како и констатираните неправилности при исполнувањето на обврските. Секако во рамките на тековното функционирање, Секторот за следење на системот за јавни набавки и унапредување на ЕСЈН им стои на

располагање на корисниците за сите нејаснотии и потешкотии при користењето на системот преку воспоставени механизми за корисничка поддршка.

За сите новини, надградби, прилагодувања на системот, Бирото за јавни набавки **изработува упатства, ажурира прирачници за јавни набавки** , во кои што детално ги опишува модулите и процесите, со што дополнително го олеснува користењето на системот од страна на крајните корисници. Бирото за јавни набавки во 2025 година, изготви и објави повеќе упатства за да даде насоки на економските оператори при поднесување на понуди, како и насоки за договорните органи за начинот на објавување на огласот и автоматската тендерска документација како и пополнување на финансискиот образец: „Упатсво за поднесување на понуда на ЕСЈН“, „Упатство за подготовка на образецот на финансиска понуда, како дел од тендерската документација“, „Упатство за дигитално потпишување на документи“, „Упатство техничка спецификација и образец на техничка понуда“ и „Упатство за правилно отворање на PDF документи, со цел проверка на дигитален потпис“.

Прирачниците се објавени на јавната страна на ЕСЈН како и на почетните страни на најавени корисници на системот, а истовремено и на веб страната на Биро за јавни набавки. Сите прилагодувања, нови модули и надградби на постоечки, се детално опишани. Бирото за јавни набавки продолжува со ажурирање на прирачниците и упатствата со што дополнително го олеснува користењето на системот. Корисниците на ЕСЈН во секојдневното користење на системот ги согледуваат адаптираните и подобрени модули кои се поставуваат на живата апликација и учествуваат со давање на предлози до Бирото, за подобрување на постоечките и развој на нови модули со цел поефикасно користење и минимизирање на можностите за грешки, а преку тоа и потврдување на интегритетот на постапките, заштеда на човечки ресурси и навременост во обезбедувањето на потребните набавки.

Во поглед на користењето на системот, а како резултат на сите досега спроведени активности, во 2025 година постигнато е следното:

- преку 1.600 активни договорни органи - ДО (над 40.000 корисници во рамките на поединечни ДО) и преку 20.000 економски оператори - ЕО (над 6.300 активни економски оператори со над 20.000 корисници во рамките на поединечни ЕО);

- преку официјалната маил адреса info@bjn.gov.mk, дадени се одговори и насоки на над 13.000 прашања поврзани со функционалностите на Електронскиот систем за јавни набавки;
- преку ново креираната маил адреса potpisi@bjn.gov.mk, дадени се одговори и насоки на 3.053 прашања поврзани со потпишувањето на документите од понудата;
- над 958 одговорени прашања преку линкот прашања и одговори на ЕСЈН (од страна на администраторот - БЈН) поставени од договорни органи и економски оператори во врска со начинот на функционирање и користење на ЕСЈН;
- објавени се 24.971 огласи и 111.339 известувања од различен вид;
- спроведени се 9.458 аукции, односно во просек по 36 аукции дневно (само работни денови);
- прикачени се преку 1.032.268 документи како дел од понуда, во просек 4.100 документи дневно.

## 7.1 Придобивки од воведувањето на новите алатки и модули на ЕСЈН, задолжителни е-набавки - очекувани и остварени ефекти

Како што е и во изминативе години констатирано, задолжителните е-набавки ги исполнија очекуваните резултати и придонесоа за модернизација и подобрување на целокупниот систем за јавни набавки. Во изминативе години е неколку пати потенцирано дека спроведувањето на постапките по електронски пат има низа предности и придобивки, а со е-набавките се постигнуваат повеќе цели меѓу кои најзначајни се:

- зголемување на транспарентноста и фер конкуренцијата во постапките за јавни набавки;
- ефикасност во јавниот сектор - заштеди на време и средства во постапките и подобрување во поглед на раководењето и имплементацијата на доделените договори;

- подобро мониторирање и ревизија на договорите и оттука поголема сообразност со правилата и политиките, со што се минимизира корупцијата и злоупотребите;
- зајакнување на конкуренцијата со подобрување на пристап до пазарот на јавниот сектор и подобри можности за прекугранична трговија;
- подобрена и побрза комуникација помеѓу договорните органи и економските оператори и
- унификација и стандардизација на чекорите кои се преземаат при спроведување на одредени видови на постапки за јавни набавки.

Развиениот и напреден систем за спроведување на е-набавките -ЕСЈН, постојано се унапредува и надградува, а корисниците секојдневно ги согледуваат адаптираните и подобрени модули кои се поставуваат на живата апликација. Континуирано тие учествуваат и со давање на предлози до Бирото, за подобрување на постоечките и развој на нови модули со цел поефикасно користење и минимизирање на можностите за грешки, а преку тоа и потврдување на интегритетот на постапките, заштеда на човечки ресурси и навременост во обезбедувањето на потребните набавки.

Дополнително, во текот на 2025 година беа реализирани значајни надградби на системот ЕСЈН, кои придонесоа за понатамошно унапредување на функционалноста и сигурноста на електронските постапки. Воведувањето на новите алатки и подобрувања резултираше со:

- намалување на техничките грешки, особено во делот на несогласување на податоците внесени во огласот и тендерската документација, преку креирањето на автоматските тендерски документации;
- овозможување на подетални и поквалитетни анализи на податоците, имајќи предвид дека при дефинирање на финансискиот образец се внесува ЗПЈН код на ниво на ставка, што овозможува прецизно следење и споредба на цените;
- можност за споредба на финансиските понуди на ниво на поединечна ставка, со што се зголемува транспарентноста и се олеснува процесот на евалуација;
- поедноставено и побрзо поднесување на понуди од страна на економските оператори;

- подобрена конзистентност и структурираност на податоците во системот, што овозможува нивна понатамошна обработка, анализа и користење за креирање политики базирани на податоци.

Со овие подобрувања дополнително се зајакнува интегритетот на системот, се намалува ризикот од грешки и се создаваат услови за поефикасно, транспарентно и отчетно спроведување на јавните набавки.

# 8. Анализа на пазарот за јавни набавки во 2025 година



Во оваа глава е дадена квалитативна и квантитативна анализа на пазарот на јавните набавки во Република Северна Македонија за 2025 година. Податоците се категоризирани по разни параметри и видови, со цел подобро да се согледа состојбата во областа на јавните набавки, финансиските текови и импликациите врз јавната потрошувачка преку спроведените набавки. Прикажаните податоци кои се дадени во овој извештај се однесуваат на огласите за јавна набавка, конкурси за избор на идејно решение, прилози, поништувања и сите договори склучени за јавни набавки во дадениот период. Сите наведени обрасци се објавени и јавно достапни за прегледување на ЕСЈН. Прибраните податоци се анализираат со употреба на модулот за следење и статистички приказ на трендовите во јавните набавки, имплементиран на Електронскиот систем за јавни набавки.

| 34.320 | 97.107.505.347 | 1.6 |
|---|---|---|
| ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ | ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ДЕНАРИ | МИЛИЈАРДИ ЕВРА |

# 8 Анализа на пазарот за јавни набавки

Базата на податоци на ЕСЈН е единствена од ваков вид и ги отсликува целокупните и реални случувања во областа на јавните набавки во земјава и сите анализи се направени со помош на алатката - Business Intelligence Semantic Model (BISM) за статистички извештаи. Овозможено е напредно филтрирање, правење бројни анализи за процесот на јавни набавки и споредба на движењето на трендовите за различни временски интервали со што се овозможува да се прават уште подетални анализи од базата на ЕСЈН.

Алатката за навремено и задолжително доставување на информации за постапките, воведена на ЕСЈН, овозможува прибирање на целосни и релевантни податоци и вршење на компаративна анализа на податоците која ги опфаќа сите договорни органи и сите спроведени постапки за јавни набавки, па затоа дадените податоци во понатамошниот текст даваат целосна слика за состојбата на пазарот на јавните набавки за 2025 година. Сепак, треба да се напомене дека точноста на дадените податоци може да отстапува со минимална статистичка грешка, која што се должи на неправилно внесување на некои од вредностите при пополнувањето на известувањата на ЕСЈН. Имено, одговорност на договорните органи е правилно да ги пополнуваат електронските обрасци, а поради видот и обемот на процесот на пополнување, не е можно автоматска контрола или прегледување на пополнетите обрасци од страна на Бирото.

Во 2025 година, според податоците од базата на податоци на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), бројката на **договорите за јавни набавки изнесува 34.320 договори**, со вкупна **вредност од околу 97.107.505.347 ден.** (приближно 97.10 милијарди денари или преку 1.6 милијарди евра). Според податоците од Бирото, вредноста на склучените договори во 2025 година, во споредба со претходната година, се зголемила за 17%, додека бројот на склучените договори се зголемил за 3% во однос на 2024 година. Вредноста на јавните набавки за 2025 година претставува **24% од буџетот** на Република Северна Македонија, во споредба со претходната година кога беше 23%.

Во графикон 8.1. и графикон 8.2 е прикажана споредба на бројот и вредноста на склучените договори во изминатите три години. Споредбени податоци за обемот на јавните набавки како удел во БДП и буџетот за 2025 година се дадени во табела бр.8.1.



Графикон 8.1




Графикон 8.2



Табела 8.1

| Година | Вредност на склучените договори за јавни набавки | Јавните набавки како процент од Буџетот | Јавните набавки како процент од БДП |
|---|---|---|---|
| 2025 | 97.10 милијарди денари | 24 %[1] | 9%[2] |
| 2024 | 83.24 милијарди денари | 23% | 9% |
| 2023 | 91.7 милијарди денари | 28% | 11% |

## 8.1 Објавување на годишните планови

Договорните органи задолжително ги објавуваат своите годишни планови на ЕСЈН најдоцна до 31 јануари за тековната година. Оваа законска обврска има за цел дополнително да се зголеми транспарентноста на системот на јавните набавки и да го подобри процесот на планирање кај договорните органи.

И во 2025 година договорните органи продолжуваат со законската обврска за објавување на годишните планови на системот. ЕСЈН е така поставен за договорните органи да не може да се објават оглас за јавна набавка доколку набавката не е предвидена и внесена во годишниот план за јавни набавки на ЕСЈН. Таквата поставеност на системот резултира со сеопфатни податоци за годишните планови за јавни набавки за тековната година на договорните органи.

Согласно законот и Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/19), годишните планови за јавни набавки може да претрпат измени во текот на годината. Оваа законска можност е имплементирана на ЕСЈН, кој овозможува ажурирање и измена на планот од страна на договорниот орган, а пошироката јавност може лесно да направи споредба на основниот план со сите негови измени и дополнувања. Исто така, овозможено е и следење на реализацијата на планираните набавки, односно посетителот може од јавната страна во секој момент да види кои од планираните набавки кај договорниот орган се спроведени, со директен пристап до објавениот оглас за јавна набавка.

[1] „Буџет на Република Македонија за 2025 година" – преземено од веб страната на Министерството за финансии.

[2] Бруто-домашен производ – преземено од веб страната на Државен завод за статистика.

## 8.2 Објавување на технички дијалог

Претходната проверка на пазарот односно објавата на техничкиот дијалог е опционална, без оглед на проценетата вредност на набавката. Во 2025 г. се објавени вкупно **89 технички дијалози** од кои 12 се изменети односно реобјавени. Кај 45 од објавените технички дијалози биле доставени коментари во врска со тендерската документација и техничката спецификација. Договорните органи, го користат техничкиот дијалог со цел усовршување и подобрување на техничката спецификација како и при воведување на некои нови услови кои треба да ги исполнат понудувачите или при воведување на нови критериуми за избор, се со цел да видат дали се истите ограничувачки или не. Иако техничкиот дијалог е одлична алатка за истражување на пазарот, од податоците се гледа дека не се користи доволно и на правилен начин. Целта е да се добијат конструктивни забелешки кои понатаму би се имплементирале во тендерските документации, наместо да бидат покритие за обезбедена поголема транспарентност за ограничувачки тендерски документации. Од вкупно 89 постапки каде е спроведен технички дијалог само 7 постапки биле обжалени во подоцнежната фаза од спроведување на истите.

Најчести категории на видови набавки за кој што се објавува технички дијалог сѐ кај: Лекови, медицински/санитетски потрошен материјал, опрема, помагала и поврзани здравствени услуги, Основни средства – мебел, моторни возила, санитарна опрема, нивно одржување и резервни делови и текстилни производи, Градежни работи, работи поврзани со животната средина, комунални услуги, ХТЗ опрема/производи и останати поврзани стоки/услуги.

## 8.3 Податоци од објавените огласи за јавни набавки

Во 2025 година се објавени 24.171 огласи за јавни набавки, од кои 11.267 или 47% од вкупниот број на постапки се огласи за постапки за **набавка од мала вредност** , за **поедноставена отворена постапка** има објавено вкупно 9.974 огласи или околу 41% од вкупниот број на огласи, за **отворена постапка** има објавено 2.902 огласи или 12%, , 10 објавени огласи за **постапка со преговарање со претходно објавување на оглас** , 16

огласи за воспоставување на **квалификациски систем** и само 2 огласи за ЈПП кои се доделуваат како договор за јавна набавка.

Вкупниот број на огласи за јавни набавки во 2025 година е зголемен за 1.196 огласи во однос на 2024 година, кога биле објавени вкупно 22.975 огласи. Во 2025 година, нема објавено оглас за конкурентна постапка со преговарање, оглас за партнерство за иновации и конкурс за избор на идејно решение

Во Табела 8.2 и Графикон 8.3 даден е приказ на бројот на објавени огласи според видот на постапката.

Табела 8.2

| Вид на постапка | Број на огласи |
|---|---|
| Набавка од мала вредност | 11.267 |
| Поедноставена отворена постапка | 9.974 |
| Отворена постапка | 2.902 |
| Ограничена постапка | 1 |
| Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас | 10 |
| Квалификациски систем | 16 |
| Конкурентен дијалог | 1 |
| ВКУПНО | 24.171 |

Графикон 8.3



Во категоријата ***Посебни услуги*** од страна на договорните органи на системот во 2025 година се објавени вкупно 263 огласи. Станува збор за огласи за јавна набавка кои согласно Правилникот за видовите на посебни услуги (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.64/19) се предмет на договорите за јавни набавки на услуги, како што се: социјални, хотелски, угостителски, меѓународни услуги, културни, образовни, поштенски, правни услуги кои не се исклучени од примена од законот за јавните набавки, здравствени и други услуги.

На Електронскиот систем за јавни набавки во посебен модул за концесии за јавни работи и јавни услуги се објавуваат и огласите за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа или како концесија за јавна услуга согласно член 19 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Во 2025 година објавени се вкупно 12 вакви огласи.

Од анализата на бројот на огласите според видот на предметот на договорот за јавна набавка, се забележува дека најмногу огласи се објавени за набавка на **стоки**, и тоа – 12.351 огласи, за **услуги** се објавени – 9.314, и за **работи** –2.506 огласи. Објавените огласи за јавна набавка според видот на договорот за јавна набавка се дадени во табела 8.3 и графикон 8.4.

Табела 8.3

| Вид на договорот за јавна набавка | Број на огласи |
|---|---|
| **Стоки** | 12.351 |
| **Услуги** | 9.314 |
| **Работи** | 2.506 |

Компаративни податоци за последните 3 години се дадени во графикон 8.5.

Графикон 8.4




Графикон 8.5




Во наредните неколку табели дадени се подетални податоци за објавените огласи за јавна набавка, според видот на договорот и начинот на реализација на истиот.

Табела 8.4

| Вид на договорот за јавна набавка – Стоки | Број на огласи |
|---|---|
| Купување | 6.845 |
| Купување со одложено плаќање | 5.459 |
| Изнајмување без опција за купување на стоките | 30 |
| Комбинација на претходните | 14 |
| Изнајмување со опција за купување на стоките | 3 |
| **ВКУПНО** | **12.351** |

Табела 8.5

| Вид на договорот за јавна набавка – Услуги | Број на огласи |
|---|---|
| Услуги за одржување и поправка | 2.582 |
| Архитектонски и инженерски услуги | 872 |
| Информатички и поврзани услуги | 716 |
| Финансиски услуги | 665 |
| Телекомуникациски услуги | 460 |
| Услуги за копнен транспорт | 455 |
| Други услуги | 486 |
| Издавачки и печатарски услуги | 430 |
| Здравствени и социјални услуги | 607 |
| Услуги за привремено вработување | 280 |
| Услуги за отстранување на отпадни води и на смет | 284 |
| Сметководствени, ревизорски и книговодителски услуги | 170 |
| Хотелски и угостителски услуги | 221 |
| Истражни и безбедносни услуги | 201 |
| Услуги за воздушен транспорт на луѓе и товар | 126 |
| Услуги за чистење на објекти и услуги за управување со имот | 164 |
| Образовни услуги и услуги за стручно усовршување | 99 |
| Услуги за развој и истражување | 34 |
| Рекреативни, културни и спортски услуги | 78 |
| Услуги за копнен и воздушен транспорт на поштенски пратки | 77 |
| Рекламни услуги | 130 |
| Советодавни услуги за менаџментот | 23 |
| Дополнителни транспортни услуги | 82 |

| | |
|---|---|
| Услуги за истражување на пазарот и истражување на јавното мислење | 17 |
| Правни услуги | 53 |
| Услуги на воден транспорт | 2 |
| **ВКУПНО** | **9.314** |

Табела 8.6

| Вид на договорот за јавна набавка – Работи | Број на огласи |
|---|---|
| Изведување | 2.259 |
| Реализирање, со какви било средства | 230 |
| Проектирање и изведување | 17 |
| **ВКУПНО** | **2.506** |

Вкупниот број на објавени огласи за јавна набавка според категорија на договорни органи, согласно член 9 од Законот за јавните набавки и Одлуката за утврдување на индикативниот список на договорни органи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 13/20) се прикажани во табела 8.7 и графикон 8.6.

Табела 8.7

| Категорија на договорен орган | Број на огласи |
|---|---|
| Државни органи | 3.121 |
| Органи на единиците на локалната самоуправа | 4.764 |
| Правни лица основани за специфична намена за задоволување на потребите од јавен интерес – Член 9 став 1 алинеја б) од Законот | 14.488 |
| Здруженија основани од еден или повеќе договорни органи | 15 |
| Јавни претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности | 1.689 |
| Други договорни органи | 94 |
| **ВКУПНО** | **24.171** |

Графикон 8.6




Од анализата на податоците за објавени огласи за јавна набавка според категорија на договорен орган, може да се види дека најмногу огласи – 14.488 имаат објавено договорни органи од категорија **правни лица основани за специфична намена за задоволување на потребите од јавен интерес** - Член 9 став 1 алинеја б) од законот и договорни органи од категоријата на **органи на единиците на локалната самоуправа** – 4.764 огласи.

Објавувањето на проценетата вредност е опционална. Имено, по подолг временски период во кој објавувањето на проценетата вредност беше задолжително, се одлучи ваквата пракса да се прекине и на самите договорни органи да им се остави да изберат дали ќе ја објавуваат проценетата вредност или не. Претходното искуство со објавување на проценетата вредност покажа дека понудувачите често пати наместо да ги пресметаат цените според пазарните движења и реалните пазарни цени, ја земаат проценетата вредност како основа за пресметка и цените на своите понуди и се движат околу таа вредност. Во Табела 8.8 е даден детален приказ на користењето на можноста за објавување на проценетата вредност од страна на договорните органи.

Табела 8.8

| Објавување на проценета вредност | Број на огласи |
|---|---|
| Да | 6.020 |
| Не | 18.151 |
| Вкупно | 24.171 |

Во графиконот 8.7 е прикажана динамиката на објавување на огласите по месеци. Од овој графикон може да се види дека најголем број на објавени огласи се во месец **март** како и во месеците јули и февруари.

Графикон 8.7




## 8.4 Податоци за користење на критериум за избор на најповолна понуда и користење на аукција.

Во ова подглавје, ќе се разгледаат податоците поврзани со користењето на критериум за избор и електронска аукција во постапките за јавни набавки. Ова вклучува анализа на тенденциите во користењето на различни критериуми за избор на најповолната понуда, како и преглед на примената на електронската аукција како дел

од постапките за доделување на договори. Критериумот за избор, економски најповолна понуда, претставува важен аспект во процесот на јавните набавки, каде што се разгледуваат различни аспекти на понудите како цена, квалитет и трошоци со користење на пристапот на исплатливост.

При разгледување на податоците од огласите, односно кој вид на критериум за избор на најповолна понуда го користеле договорните органи во спроведените постапки, може да утврдиме дека критериумот економски најповолната понуда врз основа на: цената се користи во поголем број на огласите во однос на другите критериуми за избор. Во табелата бр. 8.9 се дадени податоци за бројот на објавени огласи според критериумот за избор на најповолна понуда кој е користен во постапката за последните три години. Во 2025 година од вкупно објавени 24.171 огласи, само кај 1.438 постапки е избран **критериум најдобар однос помеѓу цена и квалитет** , а само кај 6 постапки се користел **критериумот – трошоци на користење на пристапот на исплатливост** , додека кај останатите 22.727 постапки се користел **критериумот за избор на економски најповолна понуда врз основа на цената** .

Табела 8.9

| Критериум за избор на најповолна понуда | 2025 година | 2024 година | 2023 година |
|---|---|---|---|
| Економски најповолна понуда врз основа на цената | 22.727 | 21.720 | 22.658 |
| Најдобар однос помеѓу цената и квалитетот | 1.438 | 1.244 | 1.336 |
| Трошоци на користење на пристапот на исплатливост | 6 | 7 | 8 |
| Без критериум – согласно законот (конкурс за избор на идејно решение) | 0 | 4 | 3 |
| ВКУПНО | 24.171 | 22.975 | 24.005 |

Најдобриот однос помеѓу цената и квалитетот нуди низа предности како за договорните органи, така и за економските оператори. Овозможува подобра вредност за парите и ја стимулира иновацијата и конкурентноста па поради ова целта е да се зголеми користењето на овој критериум. Во 2025 година, од вкупно 24.171 објавени огласи, само 5.9% го користеле овој критериум. Во споредба, во 2024 година, 5.4% од вкупно 22.975 објавени огласи, додека во 2023 година, 5.57% од вкупно 24.005 објавени огласи, се базирале на овој критериум. Незначителното зголемување на користење на критериумот најдобар однос помеѓу цената и квалитетот може да се препише на повеќе фактори. Еден од нив е недоволното познавање и страв од субјективизам на

договорните органи во нивната способност да ги дефинираат и оценуваат критериумите за квалитет на начин да бидат објективни и релевантни. Се соочуваат со предизвици во одредувањето на што конкретно треба да се оценува, како и со прашања околу обезбедувањето на објективноста и интегритетот на членовите на комисијата.

Во табела 8.10 е прикажана листа на договорни органи со најголем број на постапки каде е избран најдобар однос меѓу цената и квалитетот како критериум за избор на најповолна понуда. Од овие податоци може да заклучиме дека договорните органи и понатаму ја преферираат единствено цената за оценка на понудите. Веројатно ќе биде потребен подолг временски период да се создаде нова подобра пракса во користење на најдобриот однос меѓу цената и квалитетот и со тек на време треба да се очекува бројот на постапки каде се користи овој критериум постепено да се зголемува.

Табела 8.10

| Договорни органи кои објавиле најмногу постапки со критериум најдобар однос помеѓу цена и квалитет | Број на огласи |
|---|---|
| Општина Битола | 59 |
| Јавно претпријатие за државни патишта<br>Општина Неготино | 38 |
| Општина Карпош | 32 |
| Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје | 32 |
| Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје | 30 |
| Министерство за образование и наука | 26 |
| Министерство за транспорт | 23 |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 20 |
| Општина Гази Баба | 19 |
| Агенција за катастар на недвижности | 18 |

Во **2025 година** се забележува значително намалување на бројот на објавени огласи во кои електронската аукција се користи како последна фаза од постапката. Ова намалување е резултат на измените и дополнувањата на Законот, објавени во („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/25) каде се ограничи примената на

електронската аукција. Согласно измените, договорните органи можат да користат **електронска аукција најмногу до** 40% од вкупниот број објавени огласи, започнувајќи од 2025 година.

Во Табела 8.11 е прикажан бројот на објавени огласи според критериумот за избор на најповолна понуда, односно колку од нив биле спроведени со електронска аукција, а кај колку не била предвидена електронска аукција.

Табела 8.11

| Критериум за избор на најповолна понуда | Број на огласи без аукција | Број на огласи со аукција |
|---|---|---|
| Економски најповолна понуда врз основа на цената | 17.543 | 5.184 |
| Најдобар однос помеѓу цената и квалитетот | 1331 | 107 |
| Трошоци на користење на пристапот на исплатливост | 6 | 0 |
| ВКУПНО | 18.880 | 5.291 |

Сепак, доколку ги споредиме податоците во последните три години се забележува значително намалување на бројот на објавени огласи за јавни набавки кои се спроведени со употреба на електронска аукција. Конкретно, според податоците дадени во табела 8.12, во 2025 година 78% од објавените огласи за јавни набавки не вклучуваат употреба на електронска аукција, во споредба со 41% во 2024 година и само 38% во 2023 година.

Табела 8.12

| Број на огласи | 2025 година | 2024 година | 2023 година |
|---|---|---|---|
| Без електронска аукција | 78% | 41% | 38% |
| Со електронска аукција | 22% | 59% | 62% |

Имено, во повеќе наврати во претходните годишни извештаи Бирото констатираше дека електронските аукции често резултираат со нереални цени и стимулираат незаконско договарање помеѓу економските оператори. Овој интензитет на зголемување на бројот на огласи кои се спроведуваат без електронска аукција треба да продолжи да расте и во наредните години.

Со ваквото ограничување на користењето на електронската аукција се исполни и една од предвидените активности од Планот за раст, насочена кон унапредување на системот за јавни набавки и зголемување на квалитетот на спроведените постапки.

## 8.5 Склучени договори за јавни набавки

Анализата на податоците за склучени договори за јавни набавки опфаќа приказ на податоците за склучените договори во 2025 година по различни параметри. Сите податоци во врска со склучените договори за јавни набавки се објавени на ЕСЈН https://e-nabavki.gov.mk и се целосно достапни на јавноста. Договорните органи се одговорни за веродостојноста и точноста на внесените податоци бидејќи со своите кориснички имиња и лозинки преку ЕСЈН ги објавуваат своите огласи, известувања за склучени, известувања за реализирани договори, измена на склучени договори/поништување на постапките, квартални евиденции.

Бројот и вредноста на склучените договори за јавни набавки за 2025 година според видот на постапката за јавна набавка се претставени во табела 8.13 и графиконот 8.8. Вкупната вредност на склучените договори за јавни набавки во 2025 година е за околу 16% зголемена во споредба со 2024 година и изнесува **97.107.505.347** денари. Најкористена постапка според вредноста на склучените договори е **отворената постапка** преку која се склучени 6.538 договори во вредност од 66.308.087.605 ден., односно 68% од вкупната вредност на јавните набавки во Република Северна Македонија. По отворената постапка, следи **поедноставената отворена постапка** - со вкупно склучени 12.244 договори во вредност од 21.903.244.170 ден. или 23 % од вкупната вредност.

Табела 8.13

| Вид на постапка | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| **Набавка од мала вредност** | 10.871 | 2.809.333.988 |
| **Поедноставена отворена постапка** | 12.244 | 21.903.244.170 |
| **Отворена постапка** | 6.538 | 66.308.087.605 |
| **Квалификациски систем** | 124 | 4.913.631.234 |
| **Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас** | 5 | 473.923.916 |

| | | |
|---|---|---|
| **Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас** | 188 | 438.211.077 |
| **Посебни услуги** | 4.350 | 261.073.357 |
| **ВКУПНО** | 34.320 | 97.107.505.347 |

Графикон 8.8




Во поглед на користење на различните видови постапки забележливи се одредени трендови и разлики во однос на минатите две години. Имено, најголем процент од вредноста на склучените договори отпаѓа на **отворената постапка** , во 2023 - 69% и во 2024 - 68%, и во 2025 - 68%, Во 2025 година вредноста на склучените договори е зголемена за 16% и бројот на склучени договори е зголемен за околу 3% во однос на 2024 година. **Поедноставена отворена постапка** има удел од 23% во вкупната вредност на склучени договори (2023 – 18% и 2024 - 21%). Уделот на оваа постапка е зголемен за 17% во однос на претходната година во вредноста на склучените договори. Уделот на **постапката со преговарање со објавување на оглас** во 2025 година изнесува 0,5% (во 2023 - 2% и во 2024 – 2%). **Постапката со преговарање без објавување на оглас** има удел од 0,5% од вредноста на склучените договори. За овој тип на постапка во 2023 година

биле склучени договори за јавна набавка во вредност од 1.437.224.430 ден.. Во 2024 година се забележува намалување на вредноста на склучените договори и истата изнесува 1.310.464.446 денари. Во 2025 година склучени се 188 договори со вкупна вредност од 438.211.077 денари што претставува намалување од 67% од вредноста на склучените договори користејќи ја оваа постапка споредбено со минатата година. Подетални податоци за постапките со преговарање ќе бидат презентирани во натамошниот текст на овој извештај.

Табела 8.14

| Вид на постапка | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|
| **Набавка од мала вредност** | 3.010.971.384 | 2.937.180.264 | 2.809.333.988 |
| **Поедноставена отворена постапка** | 16.525.553.682 | 17.679.713.785 | 21.903.244.170 |
| **Отворена постапка** | 63.518.583.052 | 56.908.850.926 | 66.308.087.605 |
| **Квалификациски систем** | 5.553.168.376 | 2.359.002.596 | 4.913.631.234 |
| **Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас** | 1.445.598.498 | 1.718.359.827 | 473.923.916 |
| **Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас** | 1.437.224.430 | 1.310.464.446 | 438.211.077 |
| **Посебни услуги** | 283.759.570 | 323.366,053 | 261.073.357 |

Во графикон бр. 8.9 и 8.10 е дадена споредба на бројот и вредноста на склучените договори по отворена постапка за последните три години.

Графикон 8.9




Графикон 8.10



### 8.5.1 Податоци за склучените договори според видот на договор

Според предметот на договорот за јавна набавка во 2025 година склучени се 18.143 договори за набавка на стоки со вкупна вредност од 48.485.449.766 денари, 13.978 договори за набавка на услуги во вкупна вредност од 19.297.483.895 денари и 2.199 договори за набавка на работи во вкупна вредност од 29.324.571.686 денари. Во графикон 8.11 и табелата 8.15 дадени се подетални податоци за бројот и вредноста на договорите според видот на предметот на договорот.

Графикон 8.11




Табела 8.15

| Вид на договорот за јавна набавка | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| **Стоки** | 18.143 | 48.485.449.766 ден. |
| **Услуги** | 13.978 | 19.297.483.895 ден. |
| **Работи** | 2.199 | 29.324.571.686 ден. |
| **ВКУПНО** | 34.320 | 97,107,505,347 ден. |

Најголем дел (50%) од вредноста на договорите за јавни набавки отпаѓа на набавка на стоки. Најчесто користени начини на реализација на договорот за набавка на стоки

се купување и купување со одложено плаќање. Вредносниот удел на договорите за услуги, во вкупната вредност на јавните набавки во 2025 година изнесува 20% (во 2024 бил 27%, додека во 2023 истиот изнесувал 26%). Може да се заклучи најголемо учество имаат договорите за набавка на стоки, кои сочинуваат околу половина од вкупниот број и вредност. Услугите имаат значително учество по број на договори, но со помала финансиска тежина, додека работите, иако се мал дел по број, учествуваат со речиси една третина од вкупната вредност, што укажува на нивна висока поединечна вредност.

Во нивната структура може да се забележи различна застапеност на категориите на услуги. Најголем дел од вредноста на договорите за јавна набавка на **услуги** отпаѓа на договорите за набавка на **услуги за одржување и поправка, финансиски услуги, и тоа: осигурителни услуги и банкарски и финансиски услуги** (**освен услугите во врска со издавањето, тргувањето или преносот на хартии, архитектонски услуги; инженерски услуги и интегрални инженерски услуги; услуги за просторно планирање и инженерски услуги за уредување на земјиштето** . Уделот на договори за работи во вкупната вредност на договорите изнесува 30% (најчесто изведување).

### 8.5.2 Податоци за склучените договори според критериум за избор на најповолна понуда

Бројот и вредноста на склучените договори за јавни набавки за 2025 година врз основа на критериумот за избор се претставени во табела 8.16 и може да се забележи дека најголем број на склучени договори се со користење на **критериумот економски најповолна понуда врз основа на цената** каде се склучени 28.920 договори во вредност од 92.329.193.545 ден, потоа следува **критериумот најдобар однос помеѓу цената и квалитет** со 1.146 склучени договори во вредност од 4.715.112.383 ден. и **трошоци на користење на пристапот на исплатливост** со 4 склучени договори во вредност од 1.428.502 ден.

Табела 8.16

| Склучени договори врз основа на критериумот | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| Економски најповолна понуда врз основа на цената | 28.920 | 92.329.193.545 |
| Најдобар однос помеѓу цената и квалитетот | 1.146 | 4.715.112.383 |

| | | |
|---|---|---|
| Трошоци на користење на пристапот на исплатливост | 4 | 1.428.502 |

### 8.5.3 Податоци за склучените договори според категорија на договорен орган

Во понатамошниот текст се презентирани бројот и вредноста на склучените договори по категорија на договорен орган и негова главна активност или дејност (табела 8.17 и графикон 8.12).

Табела 8.17

| Категорија на договорен орган | Главна активност | Број на договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|---|
| А. Државни органи | Домување, градежништво и транспорт | 1 | 141.600.00 |
| | Друго | 271 | 258.574.878.43 |
| | Економија и финансии | 202 | 249.285.320.71 |
| | Животна средина | 73 | 663.816.802.34 |
| | Здравство | 64 | 4.184.004.555.03 |
| | Јавен ред и безбедност | 378 | 3.668.201.178.99 |
| | Образование | 111 | 831.490.735.67 |
| | Одбрана | 284 | 1.434.213.763.37 |
| | Општи јавни услуги | 2361 | 7.140.287.625.71 |
| | Социјална заштита | 50 | 250.525.358.60 |
| | Спорт и култура | 41 | 119.435.904.29 |
| | ВКУПНО А. | 3.836 | 18.799.977.723 |
| Б. Органи на единиците на локалната самоуправа | Образование | 1 | 19.200.00 |
| | Општи јавни услуги | 4774 | 22.053.861.108.52 |
| | Социјална заштита | 4 | 2.597.826.16 |
| | ВКУПНО Б. | 4.779 | 22.056.478.135 |
| В. Правни лица основани за специфична намена за | Домување, градежништво и транспорт | 119 | 303.125.262.36 |
| | Друго | 585 | 1.024.303.308.01 |
| | Економија и финансии | 119 | 59.045.335.12 |
| | Животна средина | 465 | 302.086.932.39 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| задоволување на потребите од јавен интерес | Здравство | 9365 | 19.994.277.602.60 |
| | Јавен ред и безбедност | 291 | 262.785.777.42 |
| | Образование | 5222 | 6.220.850.886.14 |
| | Општи јавни услуги | 4118 | 9.581.747.944.18 |
| | Социјална заштита | 1678 | 1.231.880.646.67 |
| | Спорт и култура | 1186 | 858.293.096.46 |
| | **ВКУПНО В.** | 23.148 | 39.838.396.791 |
| Г. Здруженија основани од еден или повеќе договорни органи | Друго | 17 | 9.392.396.16 |
| | Здравство | 7 | 723.534.46 |
| | Спорт и култура | 52 | 274.506.00 |
| | **ВКУПНО Г.** | 76 | 10.390.437 |
| Д. Јавни претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности | Домување, градежништво и транспорт | 22 | 45.885.067.37 |
| | Друго | 1310 | 10.062.798.509.04 |
| | Општи јавни услуги | 1026 | 1.711.079.973.00 |
| | **ВКУПНО Д.** | 2.358 | 11.819.763.549 |
| Ѓ. Други договорни органи | Друго | 61 | 4.354.806.957.07 |
| | Општи јавни услуги | 62 | 227.691.754.84 |
| | **ВКУПНО Ѓ.** | 123 | 4.582.498.712 |
| ВКУПНО | **ВКУПНО А+Б+В+Г+Д+Ѓ.** | 34.320 | 97.107.505.347 |

Графикон 8.12




Во табелата е даден детален приказ на реализираните јавни набавки според категоријата и главната дејност на договорните органи. Најголем процент од вредноста на склучените договори оваа година отпаѓа на категоријата - **правни лица основани за специфична намена за задоволување на потребите од јавен интерес** на кои отпаѓа **41%** од вредноста на јавните набавки. Понатаму, според реализираните јавни набавки следат органите на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје на кои отпаѓа 23% од вредноста на јавните набавки. На **Државните органи отпаѓа 19%** од вредноста на јавните набавки. Додека на **јавните претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности** на кои им отпаѓа **12%** од вредноста на јавните набавки. Останатите договорни органи заедно имаат удел од околу 5% во вкупната вредност на договорите за јавни набавки. Во споредба со претходните години, може да се забележи поголем процент во 2025 година на уделот на склучени договори на државни органи (во 2025 е 19%, во 2024 е 17% во а намалување на уделот на склучени договори кај правните лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес (43% во 2023, 44% во 2024 година и 41% во 2025 година). Зголемувања може да се забележат кај учеството на органи на единиците за локална самоуправа кој изнесува во 2025 -23%, (2024 -15% во 2023 – 11%), додека за 5 процентни поени е зголемено учеството кај јавните претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности (2024 – 14% , 2025-19% ).

### 8.5.4 Податоци за склучените договори за јавни набавки според останати параметри

При анализа на динамиката на доделување на договори по месеци за 2025 година (графикон 8.13), може да се забележи тренд на склучување на најголем број од договорите во месец **април.**

Графикон 8.13




Исто така, може да се напомене фактот дека во 2025 година имаме зголемување и склучени се 5.206 **рамковни спогодби** (во 2022 г. склучени се вкупно 3.068 рамковни спогодби, во 2023 г. – 3.932 рамковни спогодби, во 2024 – 4.351 рамковни спогодби). Зголемување на склучените договори имаме и кај групните набавки, во 2025 година се склучени 534 **договори за групна набавка** (во 2024 г. се склучени 420 договори, во 2022 г. се склучени 493 договори за групна набавка).

Табела 8.18

| Рамковни спогодби во 2025 година | | Број | Вредност (ден) |
|---|---|---|---|
| Еден договорен орган | со еден економски оператор | 4.929 | 16.648.475.989 |
| | со повеќе економски оператори - без повторно прибирање понуди | 246 | 439.152.810 |
| | со повеќе економски оператори - со повторно прибирање понуди | 20 | 776.117.000 |
| | со еден економски оператор | 3 | 351.820.490 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Повеќе договорни органи | со повеќе економски оператори - без повторно прибирање понуди | 8 | 7.479.304 |

По направена анализа на објавените тендерски документации за постапки со рамковна спогодба со еден економски оператор, констатирано е дека сеуште некои договорни органи применуваат лоши практики за необјавување на ориентациони количини за набавка на стоки туку се објавува спецификација со количина 1. Оваа пракса може да укажува на пропусти во планирањето на потребите, но исто така упатува на сомнежи во делот на реализацијата на спогодбата/договорите. Оваа лоша пракса не е констатирана само кај рамковните спогодби, туку и кај обичните договори што е спротивно за законските одредби. Во овој извештај е даден репрезентативен примерок од некои постапки (Табела 8.19) кај кои е забележана оваа практика, а план на Бирото е овој индикатор да се развие и да биде дел од идниот Извештај за Црвени Знаменца.

Табела 8.19

| Договорен орган | Предмет на рамковна спогодба | Број на оглас |
|---|---|---|
| Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје | Канцелариски мебел | 07634/2025 |
| Министерство за внатрешни работи на РСМ | Канцелариски и архивски мебел и опрема | 19197/2025 |
| Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ Битола | Набавка на млеко, млечни производи и преработки од млеко - повторена постапка 3 | 17920/2025 |
| АД МЕПСО | Лични заштитни средства | 06303/2025 |
| ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје | PCR-тестови | 02841/2025 |
| ЈП Паркови и зеленило - Скопје | Набавка на водоводџиски материјал | 18343/2025 |
| ДСД Пелагонија Скопје | Леб и бели пецива | 15961/2025 |
| ЈП Исар - Штип | Градежен материјал | 03116/2025 |
| Управа за водење на матичните книги | Набавка на канцелариски потрошни материјали | 02125/2025 |
| Јавна Здравствена установа ЗДРАВСТВЕН ДОМ НА СКОПЈЕ ЦО Скопје | Тонери за печатари | 03315/2025 |

Како што беше споменато на почетокот на ова поглавје **постапката со преговарање со објавување на оглас** има удел од 0,5% во 2025 година (во 2024 г. – 2%, истиот процент и во 2023 г.). **Постапката со преговарање без објавување на оглас** има удел од 0,5 % во 2025 година, односно се бележи намалување од минатата година. Во 2025 година не е склучен договор со спроведена конкурентна постапка со преговарање. Споредба на податоците за последните три години се претставени во графиконите 8.14 и 8.15.

Графикон 8.14




Графикон 8.15




Во табела 8.20 и графикон 8.16 се претставени бројот и вредноста на склучените договори по овие постапки според причината за користење/законскиот основ за користењето на овие постапки.

Овие податоци говорат дека во последните години постои значително намалување на вредноста на склучените договори кај постапките со преговарање без објавување на оглас. Имено, со Законот за јавните набавки од 2019 година, постапката со преговарање со објавување на оглас станува редовна постапка за јавни набавки од секторските дејности. Исто така, со закон за јавните набавки согласно член 45 став (1) алинеја 5 предвидува надлежност на Бирото за јавни набавки, давање мислење за исполнетоста на условите во постапката со преговарање без објавување оглас согласно член 55 став (1) точки в) и г) од Законот.

Од податоците за постапките со преговарање може да се констатира дека во 2025 година најкористена причина/законска оправданост за употребата на постапката со преговарање без објавување на оглас, по кој отпаѓа **44%** од вредноста на склучените

договори е членот 55 став (1) точка в) од законот, **доколку стоката, услугата или работата може да ја обезбеди само одреден економски оператор од следниве причини: целта на јавната набавка е да се создаде или да се добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби** . Следно е членот 55 став (1) точка г) од законот, кога од **причини од крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст** , по која отпаѓа **34%** од вредноста на склучените договори за постапки за преговарање.

Во вкупната вредност на доделени договори во постапка со преговарање без објавување на оглас, **20%** отпаѓаат на членот 55 став (1) точка а), кога **по претходно спроведени две отворени постапки или поедноставени отворени постапки не е поднесена ниту една понуда или ниту една соодветна понуда** . Уделот на останатите причини/законска оправданост за користење на постапката со преговарање без објава на оглас се незначителни и опфаќаат помалку од **2 %** од вкупната вредност на доделени договори.

Во споредба со минатата година, бројот на склучени договори со постапки со преговарање без објава на оглас е намален (во 2025г. – 188, во 2024г. – 206, во 2023 г. – 259).

Вкупната вредност на склучените договори во апсолутен износ е намалена во однос на минатата година (во 2025г - 438,211,077 ден, во 2024г. – 1.310.464.446 ден. во 2023г. – 1.437.224.430 ден.).

Уделот на преговарањата без објавување на оглас како број на постапки во вкупниот број на огласи за јавни набавки во 2025 е 0,77 %.

Табела 8.20

| Оправданост за изборот на постапката со преговарање без објава на оглас | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори (денари) |
|---|---|---|
| доколку јавната набавка од секторските дејности има за цел само истражување, експериментирање, проучување или развој и нема за цел да оствари профит или да ги надомести трошоците за истражувањето и развојот | 1 | 16.569 |
| доколку поради крајна итност, предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди, роковите за другите постапки не може да се применат | 30 | 150.924.509 |

| | | |
|---|---|---|
| доколку стоката, услугата или работата може да ја обезбеди само одреден економски оператор од следниве причини: - целта на јавната набавка е да се создаде или да се добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби | 134 | 192.207.465 |
| кога по претходно спроведени две отворени постапки или поедноставени отворени постапки не е поднесена ниту една понуда или ниту една соодветна понуда | 21 | 89.645.439 |
- Цените на ставките/деловите и ДДВ-то понудувачите го внесуваат во предефиниран образец, креиран од страна на договорниот орган
- Цените се внесуваат директно во модулот „Поднеси понуда“, а системот автоматски генерира документ „Финансиска понуда“ врз основа на внесените податоци.
- Документите кои се прикачуваат на ЕСЈН треба да бидат исклучиво во .pdf формат.
- Системот автоматски го аплицира дигиталниот потпис на сите прикачени документи, нема потреба од нивно поединечно потпишување.

Понудувачи - Економски оператори кои учествувале на значителен број постапки во 2025 година, поделени според големината утврдена во Централен регистар на РСМ, се прикажани во табелата подолу. Сепак, учеството во голем број на постапки не значи дека понудувачите се сериозни и дека нивните понуди се квалитетни, напротив некои понудувачи поднесуваат понуди иако знаат дека производите што ги нудат не ги исполнуваат условите од техничката спецификација.

Табела 8.39

| Назив на понудувач | Број на учества на постапки |
|---|---|
| **Категорија на понудувач - ГОЛЕМ** | |
| ДАУТИ КОМЕРЦ Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз АД с.Бојане општина Сарај | 900 |
| Друштво за промет и услуги БИОТЕК ДОО експорт-импорт Скопје | 517 |
| Друштво за трговија, производство и услуги ПРОМЕДИКА ДОО Скопје | 439 |
| МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје | 427 |
| Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје | 414 |
| Друштво за промет и услуги АЛКАЛОИД КОНС увоз извоз ДООЕЛ Скопје | 380 |

| Категорија на понудувач - СРЕДЕН | |
|---|---|
| Друштво за внатрешна и надворешна трговија ТОЗ-МК ДОО Скопје | 409 |
| Друштво за производство, промет и услуги ОФИС ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 247 |
| Друштво за промет и консалтинг ФАРМАХЕМ ДООЕЛ Скопје | 245 |
| Друштво за градежништво,трговија и услуги ЕВРОГРАДБА-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ с.Владиевци Василево | 197 |
| Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници-Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани | 172 |
| **Категорија на понудувач - МАЛ и МИКРО** | |
| Друштво за производство, трговија и услуги ЛИДЕР Р-98 ДООЕЛ увоз-извоз Кочани | 625 |
| Друштво за производство,трговија и услуги РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани | 554 |
| Трговско друштво за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво за производство,трговија и услуги ФИЛАДЕЛФИЈА ДООЕЛ Кочани | 551 |
| Друштво за производство, трговија и услуги ЕКОС ДОО увоз-извоз Тетово | 468 |
| Трговско друштво за производство, трговија и услуги МАКОТЕХНА ДООЕЛ увоз-извоз Битола | 437 |
| Трговско друштво за промет и услуги БИРОТЕХНИКА-МА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | 361 |

Направената анализа на временскиот период кога се поднесуваат понудите преку ЕСЈН покажува дека економските оператори најчесто понудите ги поднесуваат од 1 до 5 дена пред истекот на крајниот рок на огласот и 13 до 24 часа пред крајниот рок за поднесување на понудата. Имено, повеќе од половина од поднесоците (34.972 понуди) се поднесени во овој период. Подетални информации се дадени во графикон 8.24 и табела 8.40.

Графикон 8.24



Табела 8.40

| Временски период пред истек на краен рок | Број на поднесени понуди |
| --- | --- |
| над 31 ден | 51 |
| од 16 до 31 дена | 966 |
| од 6 до 15 дена | 9753 |
| од 1 до 5 дена | 20112 |
| од 13 до 24 часа | 14860 |
| од 7 до 12 часа | 2988 |
| од 3 до 6 часа | 2738 |
| од 1 до 2 часа | 3779 |
| од 31 минута до 1 час | 2751 |
| од 16 до 30 минути | 1680 |
| од 6 до 15 минути | 1216 |
| до 5 минути | 583 |

Од направените анализи за бројот на поднесените понуди на ЕСЈН по постапка, податоците се наведени во Табела бр.8.41 и Графикон 8.24

Податоците се однесуваат на евалуирани постапки во 2025 година, односно кои не биле поништени пред јавното отворање.

Табела 8.41

| Постапка | Број на постапки без понуди | Број на постапки со една понуда | Број на постапки со две понуди | Број на постапки со три и повеќе понуди |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| Набавка од мала вредност | 490 | 3881 | 2452 | 3852 |
| Поедноставена отворена постапка | 242 | 3341 | 2417 | 3539 |
| Отворена постапка | 42 | 832 | 598 | 1301 |
| Постапка со преговарање со објавување на оглас | 1 | 3 | 0 | 2 |
| Вкупно | 3.37 %<br>775 | 35.04 %<br>8.057 | 23.78%<br>5.467 | 37.81%<br>8.694 |

Графикон 8.25




Во 2025 година, поднесени се вкупно 60.640 понуди преку ЕСЈН. Бројот на поднесени понуди се однесува на понуди на ниво на постапка (без оглед на бројот на делови - доколку постапката била делива). Бројот на поднесени евалуирани понуди по вид на постапка е прикажан во Табелата 8.42.

Табела 8.42

| Постапка | Број на евалуирани постапки | Број на поднесени понуди |
|---|---|---|
| Набавка од мала вредност | 10.675 | 25.413 |
| Поедноставена отворена постапка | 9.539 | 25.047 |
| Отворена постапка | 2.773 | 10.171 |
| Постапка со преговарање со објавување оглас | 6 | 9 |
| ВКУПНО | 22.993 | 60.640 |

Од вкупниот број на евалуирани понуди во фазата на евалуација, 85% се прифатени, додека 15% биле отфрлени.

Графикон 8.26




Од анализата на евалуираните понуди за постапките спроведени во 2025 година, во Табелата 8.43 е даден приказ на број на постапки за кои имало поднесено повеќе понуди, а САМО ЕДНА била прифатена или СИТЕ ПОНУДИ биле отфрлени во фазата на евалуација.

Табела 8.43

| Број на поднесени понуди во постапката | Број на евалуирани постапки | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно постапки | со ЕДНА прифатлива понуда | СИТЕ ПОНУДИ отфрлени |
| поднесена 1 понуда | 8.057 | 7.097 | 960 |
| поднесени 2 понуди | 5.467 | 1.066 | 481 |
| поднесени 3 понуди | 3.229 | 324 | 224 |
| поднесени 4 понуди | 2.077 | 124 | 118 |
| поднесени 5 понуди | 1.273 | 52 | 52 |
| поднесени 6 понуди | 816 | 14 | 21 |
| поднесени 7 понуди | 507 | 4 | 14 |
| поднесени 8 понуди | 254 | 3 | 6 |
| поднесени 9 понуди | 155 | 3 | 2 |
| поднесени 10 и повеќе понуди | 383 | 1 | 7 |
| ВКУПНО | 22.218 | 8.688 | 1.885 |

За појаснување, според податоците од табелата, од вкупно 5.467 постапки на кои биле поднесени по **две понуди**, 1.066 постапки имале **една прифатлива понуда** , 481 од нив **ниту една прифатлива понуда** . Следствено, на пример од вкупно 3.229 постапки на кои имало поднесено по **три понуди**, кај 324 постапки имало **една прифатлива понуда** , а 224 постапки биле **без ниту една прифатлива понуда** (односно во 224 постапки сите три понуди биле отфрлени). Податоците опфатени во табелите се однесуваат на сите евалуирани постапки, без разлика дали истите завршиле со одлука за избор или за поништување. Кај постапките **со поднесена една понуда** продолжува истиот тренд. Имено, споредено со 2024 година, **најголемо зголемување повторно има кај овие постапки** (во 2024 година имало 7.474 постапки со една поднесена понуда, додека во 2023 година тој број бил 7.360 постапки). Во 2024 година се забележува **намалување на бројот на постапки со поднесени три понуди** .

Од вкупниот број на електронски постапки во 2025 година, односно од 24.155 постапки, бројот на оние кај кои имало само една поднесена понуда е 8.194 постапка, што претставува 33,92 % од постапките. Овој тренд на зголемување на процентот на постапки со една поднесена понуда е присутен веќе неколку години наназад. Во споредба со 2024 зголемувањето е за еден процент.

Во продолжение се некои позначајни податоци за просечниот број на понуди по постапка и вид на договор по направени анализи на податоците со кои располага Бирото за јавни набавки во делот на конкуренцијата во јавните набавки. Треба да се има во предвид дека податоците се добиваат од базата на податоци на ЕСЈН, при што во делот на понудите од постапки водени по електронски пат - системот автоматски ја дава бројката на поднесени понуди.

Во постапките кои се спроведуваат **целосно преку ЕСЈН** , просечниот број на поднесени понуди во 2025 година е **2,73** понуди по постапка. Овој просек се однесува на сите **конкурентни постапки** кои се спроведуваат со електронски средства (набавки од мала вредност, отворени постапки и поедноставени отворени постапки).

Вкупниот просечен број на поднесени понуди е **2,71** и е повторно во благ пад споредено со претходната година кога истиот бил 2,82 понуди, но продолжува загрижувачкиот тренд на константно опаѓање на просечниот број на понуди неколку години наназад. Просекот од поднесените понуди по видови постапки за доделување на договор е прикажан во табелите подолу. Наведени се сите видови постапки (електронски и хартиени*). Во однос на просечниот број на понуди по видовите на

договори (стоки, услуги, работи), во 2025 година се забележува опаѓање кај договорите во сите категории- стоки, услуги и работи.

Табела 8.44

| Постапка | Просечен број на понуди* | |
|---|---|---|
| | 2024 | 2025 |
| Набавка од мала вредност | 2,59 | 2,50 |
| Отворена постапка | 3,83 | 3,71 |
| Поедноставена отворена постапка | 2,90 | 2,69 |
| Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас | 1,63 | 1,80 |
| Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас | 1,15 | 1,21 |
| Посебни услуги | 1,89 | 1,74 |
| Квалификациски систем | 2,67 | 3,67 |
| ВКУПНО - ПРОСЕК ОД СИТЕ ПОСТАПКИ | 2,82 | 2,71 |

Табела 8.45

| Вид на договор | Просечен број на понуди* | |
|---|---|---|
| | 2024 | 2025 |
| **Стоки** | 2,99 | 2,91 |
| **Услуги** | 2,47 | 2,43 |
| **Работи** | 3,38 | 2,72 |

*Просечниот број на понуди наведен во табелите се однесува на СИТЕ постапки (електронски и хартиени). Во хартиени постапки се земени во предвид постапките со преговарање без објавување на оглас и посебни услуги над 10 илјади евра во денарска противвредност со обврска за пополнување на известување за склучен договор.

Во однос на постапките кои се спроведуваат во хартиена форма, забележливо е дека 85% од постапките со преговарање без претходно објавување на оглас **имаат само една понуда**. Препорака кај овие неконкурентни постапки за јавни набавки е преговорите да се водат со повеќе економски оператори со цел добивање на поквалитетна понуда и постигнување поповолни цени за набавка на стоки, услуги и работи.

Табела 8.46

| Постапка | Број на постапки без понуди | Број на постапки со една понуда | Број на постапки со две понуди | Број на постапки со три и повеќе понуди |
|---|---|---|---|---|
| **Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас** | / | 159 | 18 | 11 |
| **Посебни услуги** | / | 56 | 24 | 20 |

*Бројот на понуди за посебни услуги се однесува само на податоците извадени од известувањата за склучен договор

## 8.12 Електронски аукции

Во 2025 година, кај 5.291 оглас за јавна набавка договорниот орган предвидел постапката да заврши со електронска аукција, што претставува 21,89 % од вкупно објавените огласи. Споредено со 2024 и 2023 година се забележува **значително намалување на користењето на аукција** . Во 2024 овој процент изнесувал 58,80 %, додека во 2023 бил 61,88%. Во последниве неколку години во континуитет се намалува бројот на постапки за кои е означено дека ќе завршат со спроведување на е-аукција, а со последните измени на законот, договорниот орган може да користи електронска аукција согласно со условите од Законот за јавните набавки, но најмногу до 40% од бројот на објавени огласи започнувајќи од 2025 година.

Во 2025 година се спроведени вкупно 9.458 аукции или просечно по 36 аукции дневно.

Од закажаните и спроведени аукции на системот, кај 70 % од нив има намалување на првичната цена. Просечниот број на намалувања на цената при спроведувањето на аукциите во 2025 година изнесува околу 17 намалувања на цената. Просечното времетраење на една аукција изнесува дваесет и девет минути (вклучувајќи ги и продолжувањата по 3 минути доколку во последните 3 минути е поднесена нова намалена цена).

Процентот на спроведени аукции според видот на набавката (стоки, услуги и работи) е даден во Графиконот 8.27.

Графикон 8.27




Како што Бирото постојано потенцира во изминатите неколку години, намалувањата кај електронските аукции произлегуваат пред се од нереално високите цени на почетните понуди кај некои видови постапки. Имено, вообичаена пракса е понудувачите да нудат високи почетни цени знаејќи дека ќе имаат можност да ги намалат доколку има потреба од тоа при спроведување на аукцијата, а во зависност од движењето на цените на конкурентите. При тоа, основна слабост на овој пристап е што понудувачот не се стимулира да понуди реална цена базирана на пазарот при формулирање на почетните цени кога не знае кој ќе му биде конкурент во постапката за јавна набавка. Исто така, праксата покажа дека немањето можност да се намалат првичните цени доколку во постапката има само една понуда или една прифатлива понуда доведува до зачестени поништувања на постапките. Поради овие детектирани слабости, Бирото веќе неколку години препорачуваше напуштање на праксата на користење електронски аукции, а во 2025 година беа направени и законските измени за ограничување на употребата на аукциите.

Намалувањето на процентот на користење на аукциите е предвидено и во Реформската агенда во делот на управувањето со јавните финансии, како реформа 1.1.2 – Зајакнување на системот на јавните набавки. Во рамки на оваа реформа се предвидени три чекори, меѓу кои:

1. Користењето електронски аукции во постапките за јавни набавки во фискалната 2025 година да се намали до најмногу 40% од бројот на објавените постапки, со рок за реализација декември 2025 година;

Согласно податоците од Електронскиот систем за јавни набавки од ден 02.01.2026 година, употребата на аукциите во периодот 01.01.2025 - 31.12.2025 изнесува 22%, со што е постигната целта од најмногу 40%.

# 9. Електронски пазар за набавки од мала вредност

Преку платформата „Електронски пазар за набавки од мала вредност“ како дел од Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) можат да се спроведуваат јавните набавки од мала вредност во вид на електронско тргување помеѓу договорните органи во Република Северна Македонија и домашните и странски економски оператори. Истата е достапна преку линкот https://e-pazar.gov.mk.

Употребата на е-пазарот е опционална, но со нејзиното користење договорните органи можат да ги спроведуваат набавките на стоки и услуги до 10.000 евра во денарска противвредност на многу олеснет начин, побрзо и поефикасно, додека економските оператори имаат можност за пласирање на своите каталози на широко достапна платформа со илјадници корисници, а истовремено преку свој професионален придонес да учествуваат и во подобро структурирање на базата на производи, односно специфицирање и дефинирање на карактеристиките на производите со цел што поуспешни набавки.

Дел од **техничките карактеристики и предности** на е-Пазарот:

- Функционира врз база на моделот за електронски продавници (Web shop) надополнет со правила за јавна набавка
- Изработен е во напредна технологија, со user-friendly модули
- Интероперабилност со ЕСЈН (во делот на преземање на набавките од годишните планови, најава на корисници, спроведување на постапките, е-жалби, објавување на завршница/договор);
- Развиен механизам за дигитално потпишување на апликативно ниво- преку Signing компонента;
- Изворниот код е во сопственост на Бирото, а одржувањето е од надворешна компанија, во согласност со договор (спроведена постапка за јавна набавка);
- Безбедноста е на највисоко ниво со запазени ИТ стандарди, платформата е поставена на Cloud, согласно договор за набавка на услуга за хостирање, каде се прави и back-up. Дополнително, има инсталирано SSL сертификат.

# Електронски пазар за набавки од мала вредност 9




Во продолжение е даден **краток опис на основните функционалности и придобивки** за користење на платформата:

- За набавка на стандардни стоки и услуги набавки од мала вредност на стоки и услуги со проценета вредност до 10.000 евра;
- Понуда во форма на каталог;
    - ЕО не подготвуваат поединечни понуди на постапките, туку учествуваат со сопствениот веќе подготвен каталог на производи;
    - Карактеристиките/атрибутите што ги опишуваат производите се универзални на ниво на производ
    - Економските оператори на системот подготвуваат сопствени е-Каталози на производите кои ги нудат и истите се јавно достапни;
    - Рачно пополнување на секој производ на системот или “upload” на целиот каталог преку даден предефиниран кориснички темплејт
    - За учество на конкретна набавка, до крајниот рок за доставување на понудите, постои можност за ажурирање на каталогот и конкретните цени на производите. На јавниот дел, оваа можност постои во секое време.
- Подготовка на набавката и спецификации
    - ДО лесно ја подготвува набавката и избира карактеристики на производите од постоечките. Само ги впишува поединечните спецификации и минимални барања
- Набавката ја објавува и спроведува лице за јавни набавки или комисија

- Објава со краток опис на предметот на набавка
- Потребни документи: ДРД или документи за професионална дејност
- Набавката се врши по ставки
- Дозволен избор на марка/производител – опционално
    - Дадена е можност за избор (доколку е потребно) марка/тип/производител. Понудите се рангираат врз основа на направениот избор
- Кратки рокови
    - 48 часа (во предлог измените 24 часа) рок за доставување на понудите
- ЕО со негативна референца не може да учествува на е-пазар
- Поедноставен процес на евалуација и избор
    - Автоматски избор на производот со најниска цена, без да се види називот на понудувачите
- Изјава за судир на интереси само ОЛ
- Единствена најава со ЕСЈН– Single Sign On
    - За најава и користење на модулите на е - Пазар се користат истите кориснички имиња и лозинки од ЕСЈН
- Повикување на постапката за набавка од објавениот план за јавни набавки на договорниот орган
    - За да започне постапка преку е - Пазар, ДО ја избира од планот за ЈН и продолжува со нејзина реализација преку правилата за набавка на електронскиот пазар
- Директен избор на веќе понудени производи
    - При креирање на набавката од мала вредност, ДО избира од производи што се објавени на е-пазарот, при што ги користи карактеристиките на производите и спецификациите. Ова значи дека не треба да подготвува самиот технички спецификации, туку само да ги прилагоди согласно неговите потреби (грамажа, рам меморија, колку USB порти и др.)
- За подготовка на набавката, вклучително и техничките спецификации, процесот е едноставен и се состои од 4 чекори.
- Целосна нарачка и испорака или сукцесивна нарачка и испорака
- Периодична објава на намера за набавка (за задоволување на потребата на пример од три месеци, се надминува проблемот со ценовната флуктуација, чување на залиха исл.)

- Автоматска евалуација и рангирање
  - Исклучен човечкиот фактор, лицето или комисијата ја гледа само понудата со најниска цена и ја означува за прифатлива/неприфатлива. Нема увид во цената (и во останатите понуди), само знае дека е најниска од понудените.
- Автоматско генерирање на извештаите
  - Извештај од спроведена постапка и одлука за избор/поништување се креира автоматски од системот, без да има потреба од дополнување од комисијата.
- Користење на дигитални сертификати
  - Имплементација на алатка за директно аплицирање на потписите на ниво на апликација
- Електронска жалба
  - Ист начин на поднесување на жалба како и за другите постапки на ЕСЈН. Жалбата може да се вложи по објава на набавката и по носењето на одлуката. 3 дена рок
  - Увид во целокупната документација во жалбениот период
- Реализација на договорот како дел од Е–Пазар
  - Модул кај ДО за директни нарачки и реализација на договорите!!
  - Електронски договор за нарачка!! – пред почетокот на реализација
- Автоматско генерирање на договор веднаш по носењето на одлука од одговорно лице
  - ДО за да не се најавува одговорното лице неколку пати на системот може да го потпише договорот веднаш по носење на одлука, но истиот му се испраќа на економскиот оператор по истекот на 3 дена доколку нема поднесено жалба
  - ЕО е известен преку порака дека треба да го потпише договорот за јавна набавка за да може да се пристапи кон негова реализација
- Автоматска објава на ИСД или поништување
- Автоматска објава, нема потреба од дополнително објавување на обрасците. Исто така, креирање на евидентна книга на ЕСЈН се прави автоматски.

Почитувајќи ги начелата на кои се темелат јавните набавки, Договорните органи и Економските оператори се обврзуваат на сериозност во користењето на платформата и спроведување на набавките преку истата. Тоа подразбира:

- Реални пазарни цени - економските оператори при објава на своите производи во е-каталогот ја наведуваат реалната пазарна цена за единица производ и истата може во секое време да ја менуваат. При поднесување на понудата во форма на е-каталог понудувачот може единствено да ја намали цената за единица производ доколку смета дека му е исплатливо намалување на цената имајќи ја во предвид количината која ја набавува договорниот орган;
- Набавка на производ од конкретна марка/бренд/ознака – договорниот орган може да избере најмалку два прифатливи марка/бренд/ознака со цел да се обезбеди поголем квалитет во понудените производи. Економските оператори може да понудат производи кои не се од марката/брендот/ознаката која била наведена, при што како прворангирани ќе бидат производите со најниска цена од бараните марка/бренд/ознака доколку се понудени;
- Објава на известување за намерата за набавка - договорните органи може да објават едно известување за намера за набавка на конкретен предмет на набавка или набавката да ја поделат со објава на повеќе поединечни известувања на е-Пазар во тековната година, користејќи една одлука за јавна набавка.
- Набавка по ставки – карактеристика на е-Пазарот е набавката по ставки. Тоа значи дека договорниот орган за секоја набавка може да превиди повеќе ставки кои ќе ги набавува. Економскиот оператор не е обврзан да поднесе понуда за секоја од ставките кои ги набавува договорниот орган. За секоја ставка може да има различен најповолен понудувач..
- Нарачка на производи - нарачките на производите се прават преку посебен модул на е-Пазар. Самата нарачка, договорниот орган може да спроведе сукцесивно, при што избраниот најповолен понудувач преку посебен модул потврдува дека нарачката е испратена. По приемот на нарачката, договорниот орган преку системот доставува одговор дали нарачката е успешно примена или доколку испорачаната стока/услуга не одговара на тоа што било понудено и избрано од најповолниот понудувач ги наведува причините и не врши прием на испорачаната стока/услуга.
- Нарачување на целата количина која е објавена во намерата за набавка - Количината наведена во известувањето за намера на набавка потребно е да се порача во целост бидејќи поединечната цена зависи од утврдената количина која се набавува.

- <u>Испорака на производи</u> - економскиот оператор со поднесување на понудата се обврзува дека ќе ги достави производите за кои е избран како најповолен понудувач;
- <u>Плаќање во рок од 15 дена</u> – со користење на е-Пазарот договорниот орган се обврзува плаќањето за нарачаните производи да го изврши во рок од 15 календарски денови од денот на приемот на фактурата;
- <u>Фактура/договор</u> – По носење на одлуката за избор на најповолна понуда системот автоматски генерира договор/и кој ги потпишува одговорното лице, а по истекот на рокот за жалба истите се праќаат за потпис и до најповолниот/те понудувач/и;
- <u>Дигитални потписи</u> – документите кои ги генерира системот корисниците ги потпишуваат на апликативно ниво.

Во делот на користењето на платформата, во 2025 година се забележува значително зголемено користење во споредба со претходните години. Платформата е-Пазар можат да ја користат сите корисници на ЕСЈН со најавување преку https://e-pazar.gov.mk/ со ИСТИТЕ кориснички имиња и лозинки од ЕСЈН. Користењето на платформата е и понатаму бесплатно.

Иако бројот на набавките кои се спроведени преку е-Пазарот е значително зголемен, нејзиното користење се очекува да биде многу поголемо во понатамошниот период со оглед на предностите кои ги нуди.

Истовремено, се очекува значително зголемено користење на е-Пазар во согласност со заложбите и активностите кои се преземаат од страна на Бирото за јавни набавки за постигнување на целите одредени со Реформската агенда. Имено, Европската комисија го усвои Планот за раст на земјите од Западен Балкан со Реформска агенда за периодот 2024-2027 година, каде како дел од агендата се предвидени повеќе реформи во делот на управувањето со јавните финансии, меѓу кои и реформата 1.1.2 – Зајакнување на системот на јавните набавки. Во рамки на оваа реформска заложба е предвиден и чекор:

2. Електронскиот пазар за набавки од мала вредност да се користи за доделување на најмалку 800 постапки (договори за јавни набавки), со рок за реализација декември 2026 година

Во продолжение се наведени табели со податоци (Извадок од статистичката база на податоци) за користењето на Електронскиот пазар на набавки од мала вредност за 2025 година. Дел од податоците се сортирани за полесен приказ и воочливост. Во 2025

година на е-Пазар се **објавени и активни 5586 производи во каталогот** од страна на 102 економски оператори. Бројот на јавно достапни активни производи на е-Пазар постојано се зголемува, а во споредба со првата година е повеќе од десеткратно зголемен. Во табелата 9.1 е претставено колку производи се објавени во секоја од категориите.

Табела 9.1

| Категорија | Број на производи 2022 | Број на производи 2023 | Број на производи 2024 | Број на производи 2025 |
|---|---|---|---|---|
| Земјоделски и прехрамбени производи | 80 | 363 | 665 | 1012 |
| Лекови, медицински/санитетски потрошен материјал, опрема, помагала и поврзани здравствени услуги | 89 | 93 | 128 | 245 |
| Информатички и телекомуникациски производи (хардвер и софтвер), компјутерски потрошен материјал и поврзани услуги | 63 | 266 | 468 | 974 |
| Градежни услуги, комунални услуги, ХТЗ опрема/производи и останати поврзани стоки/услуги | 8 | 24 | 37 | 69 |
| Индустриски и рударски машини, опрема, нивно одржување, резервни делови и поврзани стоки/услуги/работи | 6 | 23 | 63 | 68 |
| Основни средства – мебел, моторни возила, санитарна опрема, нивно одржување и резервни делови и текстилни производи | 74 | 240 | 497 | 652 |
| Потрошен и канцелариски материјал, печатарски/издавачки услуги и средства за хигиена | 319 | 944 | 1405 | 2564 |
| Енергетика, нафта, нафтени деривати и поврзани услуги | 0 | 0 | 2 | 2 |
| Финансиски услуги и осигурување | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Образовни, правни, советодавни, маркетинг услуги и услуги за привремено вработување | 6 | 9 | 3 | 0 |
| Хотелски, угостителски, рекреативни, културни, безбедносни и спортски услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Транспортни и складишни услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | 645 | 1.962 | 3.268 | 5.586 |

Може да се забележи дека најмногу производи се објавени во категориите **потрошен и канцелариски материјал , печатарски/издавачки услуги и средства за хигиена** (46% од вкупниот број на објавени производи), **лекови, медицински/санитетски потрошен материјал, опрема, помагала и поврзани здравствени услуги** имаат удел од 4%, **земјоделски и прехранбени производи** со 18%, **основни средства – мебел, моторни возила, санитарна опрема, нивно одржување** и

**резервни делови и текстилни производи** (12%) и **информатички и телекомуникациски производи** (хардвер и софтвер), компјутерски потрошен материјал и поврзани услуги (17%). Во 4 категории на производи забележано е дека воопшто нема објавено производи, но тоа се категории претежно од услужните дејности каде е потешко да се дефинираат карактеристиките на услугите.

Графикон 9.1




Во 2025 година се спроведени вкупно 439 набавки преку електронскиот пазар за набавки од мала вредност, овој број во 2024 година бил 237. Набавките се објавени од страна на 92 договорни органи, што е приближно двојно повеќе од 2024 година. Во табела 9.2 е даден податок колку од набавките се со една објава, а колку со повеќе објави, а во табела 9.3 листа на топ 10 договорни органи кои спровеле најмногу набавки преку електронскиот пазар за набавки од мала вредност.

Табела 9.2

| Начин на спроведување на набавките | Број на набавки |
|---|---|
| Набавки спроведени преку една објава | 110 |
| Набавки спроведени преку повеќе објави | 329 |

| | |
|---|---|
| ВКУПНО | 439 |

Табела 9.3

| Топ 10 договорни органи со најмногу објавени набавки | Број на набавки |
|---|---|
| Машински факултет Скопје | 50 |
| Министерство за дигитална трансформација | 48 |
| Агенција за разузнавање на Република Северна Македонија | 34 |
| Народен правобранител | 31 |
| ДСУ-РЦСОО Никола Карев - Струмица | 14 |
| Природно-математички факултет | 12 |
| Факултет за електротехника и информациски технологии | 11 |
| ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - ОХРИД | 10 |
| ООУ "Кирил и Методиј" - Стојаково | 10 |
| Општина Вевчани | 10 |

На објавените набавки, понуда дале 97 економски оператори и биле поднесени вкупно 1065 понуди во форма на е-каталог. Во табела 9.4 даден е преглед на десетте економски оператори кои поднесувале најмногу понуди преку е-Пазар. Значајно е да се напомене дека сериозноста на понудувачите е од голема важност, а поднесувањето на квалитетни понуди и успешни испораки во голема мера овозможува негово се поголемо користење. Оттаму, со цел да се санкционираат несериозните понудувачи, Бирото за јавни набавки презема низа активности и мерки.

Табела 9.4

| Топ 10 економски оператори со најмногу понуди | Број на набавки |
|---|---|
| Друштво за производство, трговија и услуги КИНЕТИК ГРУП ДООЕЛ експорт импорт Скопје | 244 |
| Друштво за производство, трговија и услуги ЛИДЕР Р-98 ДООЕЛ увоз-извоз Кочани | 111 |
| Друштво за производство,трговија и услуги РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани | 94 |
| Друштво за трговија и услуги АДВАНС МЕДИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 40 |
| Друштво за трговија и услуги ЕУРО ОФИС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 34 |

| | |
|---|---|
| Друштво за производство, трговија увоз-извоз угостителство и услуги СЛАЈОН-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје | 34 |
| Друштво за промет и услуги КОНИ-КОПИ ДОО експорт-импорт Скопје | 33 |
| Трговско друштво за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво за производство,трговија и услуги ФИЛАДЕЛФИЈА ДООЕЛ Кочани | 30 |
| Друштво за промет и услуги ДЕ МАРГО ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 29 |
| Друштво за програмирање, услуги и трговија АЛ ГО СИСТЕМИ ДООЕЛ Скопје | 29 |

Од вкупниот број на објавени набавки во 2025 година, со одлука за избор на најповолна понуда завршиле 91% од набавките, а 9% завршиле со одлука за поништување.

Табела 9.5

| Одлука | Број на набавки |
|---|---|
| Одлука за избор | 400 |
| Одлука за поништување | 37 |
| ВКУПНО | 437 |

Во 2025 година преку модулот за е-Нарачки кој е имплементиран на оваа платформа направени се 785 нарачки на производи, што е зголемено во споредба со 2023 година, кога овој број бил 477. Преку овие 785 нарачки, нарачани се вкупно 354.032 производи односно за речиси 60% повеќе од 2024 година.

На електронскиот пазар за набавки од мала вредност најкупувани производи во 2025 година се вода, чај, вреќи за отпад и тонери.

## 9.1 Развој и подобрување на модули на е-Пазар во 2025

Електронската платформа уште од поставувањето па се до денес, постојано се надградува и усовршува, а особено во делот на одржувањето на базата на атрибути. Со унифицираност во карактеристиките е олеснето самото додавање на производи во каталозите и се обезбедува споредливоста на производите.

Со цел се поуспешни набавки, олеснување на користењето како и подигнување на квалитетот на карактеристиките на пазарот, Бирото во 2025 година имплементираше

неколку подобрувања на функционалностите и модулите за користење на платформата, а меѓу позначајните:

- одржување на базата на атрибути и каталози. Воведување на проверка (неможност за активирање на производ кој не е во согласност со правилата за објавување на е-пазар- погрешни атрибути или одбран погрешен тип на производ и сл.)
- неможност за поднесување на понуда доколку понудувачот претходно раскинал договор со договорниот орган
- уредување на електронското досие, евидентна книга во постапките преку е-пазар



Бирото за јавни набавки континуирано презема активности за зголемување на заинтересираноста кај учесниците во јавните набавки за користење на е-Пазарот, и тоа со давање поддршка, појаснување на функционалностите, потенцирање на предностите и бенефитите за економските оператори и договорните органи преку поголема едукација, како и ажурирање на Прирачниците, објавување на видео туторијали како и испраќање на циркуларни известувања со потенцирање на предностите од користењето на платформата и охрабрување на корисниците.

За исполнување на мерката за зголемување на користењето на системот за е-Пазар од страна на договорните органи за 2026 година, согласно мерките од Реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, Бирото за јавни набавки подготви Акциски план, во кој меѓу останатите активности е и подготовка на Информација до Владата на РСМ со цел да им се препорача на договорните органи

постапките за јавни набавки од мала вредност до 10.000 евра за набавка на стандардизирани стоки за кои постојат каталози на е-Пазарот, да ги спроведуваат преку Електронскиот пазар за набавки од мала вредност.

Бирото ќе продолжи со континуирано унапредување на е-Пазар. Врз основа на предлози од корисниците кои ја користат платформата, ќе бидат извршени неколку унапредувања на модулите, со цел подобрување на корисничкиот аспект на е-Пазарот и поедноставување на неговата употреба, а особено превенција на несериозните понудувачи. Дел од предвидените подобрувања опфаќаат:

-опција за автоматски приказ на последно поднесените цени во системот на јавната страна, односно во самите каталози

-можност за системско повикување на веќе спроведена набавка како дополнително олеснување во делот на креирањето на набавката

# 10. Предлози за унапредување на системот на јавните набавки

## 10.1 Предлози за подобро функционирање на системот за јавни набавки

Врз основа на податоците од контакт центарот, контакт формата и веб страната, обуките, анализата на статистичките податоци и од другите добиени информации до кои доаѓа Бирото за јавни набавки за функционирањето на системот за јавни набавки, а имајќи ги предвид и Директивите на ЕУ, Бирото ги дава следниве предлози за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија во наредниот период:

- Унапредување на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) со нови функционалности и напредни алатки со цел олеснување и поедноставување на процесот на објавување на огласи, подготовка на тендерската документација и поднесувањето на понуда. Надградбите ќе овозможат стандардизирање на процесот на работа и документација во постапките за јавни набавки како и олеснување на начинот на поднесување на финансиската понуда, избегнување на грешки и отфрлање на неуредни понуди
- Доуредување на Законот за јавните набавки и тоа :
    - Да се унапреди и поедностави користењето на електронските алатки во јавните набавки, особено за набавки од мала вредност, со цел зголемена ефикасност и користење.
    - Да се поттикне примена на критериуми кои обезбедуваат најдобра вредност за пари, а не само најниска цена, со цел подобар квалитет на јавните набавки.
    - Да се поедностави системот на ресертификација на службениците, со задржување на квалитетот преку континуирана едукација наместо формални испити.

- Да се зајакне улогата на дигиталните решенија и вештачката интелигенција, за подобра анализа, транспарентност и намалување на ризици од злоупотреби.
- Да се унапреди размената на податоци помеѓу институциите, со користење на современи технолошки решенија.
- Да се подобри ефикасноста и правната сигурност во жалбената постапка, со појасни правила и поедноставени процедури.

- Натамошно **зајакнување на институционалната соработка** помеѓу клучните органи во системот на јавните набавки за координирање и заземање заеднички ставови во однос на примената на Законот за јавните набавки;
- Да се обезбедат **соодветни механизми за стимулирање и задржување на стручниот кадар ангажиран во јавните набавки**. Со оглед на сложеноста и значењето на јавните набавки, неопходно е да се креира систем кој ќе овозможи издвојување на лицата за јавни набавки со искуство во големи набавки да се задржат преку додаток на плата што индиректно ќе придонесе кон поголема одговорност, мотивација и интегритет при спроведување на постапките;
- Системска **интеграција на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) со други релевантни институции**, со цел унапредување на контролата и зголемување на транспарентноста во спроведувањето на постапките за јавни набавки;
- Поттикнување на поширока **употреба на електронскиот пазар за набавки од мала вредност**, преку обезбедување соодветни законски олеснувања за постапките што се спроведуваат преку овој систем;
- Модернизирање на системот на едукација на лицата за јавни набавки и **воведување на постојано усовршување** на нивните знаења и вештини во процесот на јавни набавки;
- Унапредување на практиката за **примена на критериумот „најдобар сооднос помеѓу цената и квалитетот“** при изборот на најповолна понуда, со цел обезбедување поголема вредност за вложените средства.